Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5 /02 ) и член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.5/2006), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**За објавување на Одлука за усвојување на Извештаите за првото полугодие за работата во учебната 2008/2009 година на Основните училишта во Општина Ѓорче Петров**

Се објавува Одлуката за усвојување на Извештаите за првото полугодие за работата во учебната 2007/2008 година на Основните училишта во Општина Ѓорче Петров и тоа :
Извештај за првото полугодие за работата на О.У. Мирче Ацев за учебната 2008/2009 година, Извештај за првото полугодие за работата на О.У. Ѓорче Петров за учебната 2008/2009 година, Извештај за првото полугодие за работата на О.У. Димитар Поп Георгиев Беровски за учебната 2008/2009 година, Извештај за првото полугодие за работата на О.У. Страшо Пинџур за учебната 2008/2009 година, Извештај за првото полугодие за работата на О.У.Тихомир Милошевски за учебната 2008/2009 година, Извештај за првото полугодие за работата на О.У.Јоаким Крчовски за учебната 2008/2009 година, што Советот на Општина Ѓорче Петров ги усвои на Деведесет и четвртата Седница на Советот, одржана на ден 26.02.2009 година.

**Број 08-613/1**
**од 02.03.2009 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Сокол Митровски с.р.**

Врз основа на член 16 став 1 точка 6 од Статутот на Општина Ѓорче Петров (Сл. Гласник на Општина Ѓорче Петров бр 05/06), Советот на Општина Ѓорче Петров на 94-тата седница одржана на ден 26.02.2009 година, ја донесе следната:

## О Д Л У К А
## за усвојување на Полугодишни извештаи за работата на Основните училишта во Општина Ѓорче Петров, за учебната 2008/2009 година;

### Член 1

Се усвојуваат Полугодишните извештаи за работата на Основните училишта во Општина Ѓорче Петров, за учебната 2008/2009 година и тоа :

- Полугодишен извештај за работата на О.У. Мирче Ацев за учебната 2008/2009 година,
- Полугодишен извештај за работата на О.У. Ѓорче Петров за учебната 2008/2009 година,
- Полугодишен извештај за работата на О.У. Димитар Поп Георгиев Беровски за учебната 2008/2009 година,
- Полугодишен извештај за работата на О.У. Страшо Пинџур за учебната 2008/2009 година,
- Полугодишен извештај за работата на О.У. Тихомир Милошевски за учебната 2008/2009 година,
- Полугодишен извештај за работата на О.У. Јоаким Крчовски за учебната 2008/2009 година .

### Член 2

Одлуката стапува во сила со денот на објавувањето во *Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров*.

**Број 07- 481/3**
**26.02.2009 година**
**С к о п ј е**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**ПРЕТСЕДАВАЧ,**
**Харалампие Анѓелковски** с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5 /02 ) и член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.5/2006), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**За објавување на Одлука за усвојување на Извештајот за извршување на Буџетот на Општина Ѓорче Петров за IV-от квартал од 2008 година**

Се објавува Одлуката за усвојување на Извештајот за извршување на Буџетот на Општина Ѓорче Петров за IV-от квартал од 2008 година, што Советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Деведесет и четвртата Седница на Советот, одржана на ден 26.02.2009 година.

**Број 08-618/2**
**од 02.03.2009 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Сокол Митровски** с.р.

Врз основа на член 16 став 1 точка 7 од Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров број 5/2006), Советот на Општина Ѓорче Петров на 94-тата Седница одржана на ден 26.02.2009 година, донесе :

**ОДЛУКА**
**За усвојување на Извештајот за извршување на Буџетот на Општина Ѓорче Петров за IV- от Квартал од 2008 година**

1. Се усвојува Извештајот за извршување на Буџетот на Општина Ѓорче Петров за IV-от Квартал од 2008 година.

2. Оваа Одлука заедно со Извештајот за извршување на Буџетот на Општина Ѓорче Петров за IV-от Квартал од 2008 година, ќе се објави во *Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров*.

**Број 07-481/4**
**од 26.02.2009 година**
**Скопје**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**ПРЕТСЕДАВАЧ,**
**Харалампије Анѓелковски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5 /02 ) и член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.5/2006), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**За објавување на Одлука за начинот на формирање на Просторни сили за заштита и спасување, видот, големината и организирањето на истите**

Се објавува Одлуката за начинот на формирање на Просторни сили за заштита и спасување, видот, големината и организирањето на истите, што Советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Деведесет и четвртата Седница на Советот, одржана на ден 26.02.2009 година.

**Број 08-618/3**
**од 02.03.2009 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Сокол Митровски с.р.**

Врз основа на член 22 став 1 точка 10, член 36 став 1 точка 15 и член 62 од Законот за локална самоуправа (*Службен Весник* на РМ бр.5/02) и член 15 став 1 точка 9 и став 5 од Законот за град Скопје (*Службен Весник* бр.55/04), а во врска со членовите 4 став 2, 93 и 94 став 4 од Законот за заштита и спасување (*Службен Весник* на РМ бр.36/04 и 49/04) како и врз основа на Уредбата за видот, големоината и организирањето на силите за заштита и спасување (*Службен Весник* бр.12/06) и член 16 став 1 точка 37 од Статутот на Општина Ѓорче Петров (*Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров* бр.5/06), Советот на Општина Ѓорче Петров на 94-тата седница одржана на ден 26.02.2009 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за начинот на формирање на Просторни сили за заштита и спасување, видот, големината и организирањето на истите**

**Член 1**

За спроведување на подготовки и превземање на мерки за заштита и спасување на луѓе и материјални добра од воени разорнувања, од природни непогоди, епидемии, епизоотии, епифитотии и други несреќи и отстранување на последици предизвикани од нив, со ова Одлука се определува начинот на формирање на Просторните сили за заштита и спасување, за дејствување на подрачјето на Општина Ѓорче Петров, како и видот и големината и нивното организирање.

**Член 2**

Заштитата и спасувањето на луѓето и материјалните добра од воени разурнувања,природни непогоди, епидемии,епифитотии и други несреќи и отстранување на последиците од предизвикани од нив е работа од јавен интерес за Општината.

Заштитата и спасувањето ги спроведуваат органите на Општината.

**Член 3**

За заштита и спасување на луѓе и материјални добра од причините наведени во член 2 на ова Одлука, Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров ќе формира просторни единици и штаб за заштита и спасување на подрачјето на Општина Ѓорче Петров.

**Член 4**

Просторните сили за заштита и спасување за дејствување на подрачјето на Општина Ѓорче Петров, Градоначалникот ги формира како:

- специјализирани единици и
- универзални сили

**Член 5**

Специјализирани единици во Просторните сили за заштита и спасување се:

- Прва медицинска помош;
- Противпожарна помош;
- Спасување од поплави;
- Радиолошко-хемиска и биолошка деконтаминација;
- Комунални работи;
- Заштита и спасување на животни и производи од животинско потекло;
- Заштита и спасување на растенија и производи од растително потекло;
- Извивување на теренот;
- Асанација на теренот;
- Други единици за заштита и спасување за специфични и непредвидени активности.

Специјализираните сили во Просторните сили за заштита и спасување од став 1 на овој член се формираат заедно со Град Скопје како посебна единица на локална самоуправа и претставуваат единствен систем за заштита и спасување на Град Скопје

**Член 6**

Универзалните единици во просторните сили за заштита и спасување се формираат исклучиво од Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров и се опремуваат и оспособуваат за давање на:

- Прва медицинска помош;
- Гаснење на помали и почетни пожари;
- Спасување на загрозени и затрупани лица во плитки урнатини;
- Учество во засолнување и
- Евакуација и згрижување на население.

**Член 7**

Специјализираните единици во просторните сили за заштита и спасување се во големина на одделение, вод и чета.

Универзалните единици во Просторните сили за заштита и спасување се во големина на вод.

За подрачјето на Општина Ѓорче Петров ќе се формираат 12 (дванаесте) вода, односно за секоја Урбана и Месна заедница по еден вод. Формирањето на водовите ќе се одвива сукцесивно по одлука на Градоначалникот на Општината согласно финансиските и материјалните можности со кои располага Општината.

Водовите што ќе се формираат за подрачјето на Општина Ѓорче Петров ќе дејствуваат како единствен систем на заштита и спасување без оглед за која урбана или месна заедница се формирани.

**Член 8**

Специјализираните и универзалните единици во Просторните сили за заштита и спасување во својот состав имат команди, командири и одреден број на извршители.

Командите се составени од командир, заменик командир и извршители кои ги именува Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров.

**Член 9**

Штабот за заштита и спасување што се формира од страна на Општината во својот состав има:

- Командант на штабот;
- Началник на штабот;
- Помошници на началникот на Штабот и
- Извршители за административно-технички и оперативни работи.

Лицата извршители на функциите од ст.1 на овој член со Решение ги именува Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров.

**Член 10**

Одлука за формирање на Просторни сили за заштита и спасување донесува Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров.

**Член 11**

Материјалните средств за Просторните сили за заштита и спасување и единиците што ги формира Градоначалникот се обезбедуваат од Буџетот на Општина Ѓорче Петров во согласност со Закон.

**Член 12**

Одлука за зголемување на подготвеноста, за мобилизација и ангажирање на Просторните сили за заштита и спасување донесува Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров.

Просторните сили за заштита и спасување во услови на приpпдни непогоди, епидемии, епизоотии, епифитотии и други несреќи, дејствуваат на подрчјето на Општина Ѓорче Петров каде ќе се појави потреба за тоа.

**Член 13**

Со Просторните сили за заштита и спасување исо другите учесници во заштитата и спасувањето раководи Штабот за заштита и спасување.

Со Просторните сили за заштиа и спасување командува Командантот за заштита и спасување и командирите на единиците.

**Член 14**

Командувањето со силите за заштита и спасување се заснова врз принципите на едно старешинство, субординација и единство во командувањето при употребата на силите, средствата и обврските за извршување на наредбите на претпоставениот старешина.

**Член 15**

Начинот на раководењето и командувањето со силите за зштита и спасување и командите се пропишани со Уредба на Владата на Република Македонија.

**Член 16**

Со стапување во сила на ова Одлука, престанува да важи Одлуката за формирање на Штаб за цивилна заштита на Општина Ѓорче Петров заведена под број    објавена во Службен гласник на Град Скопје бр.7/98.

**Член 17**

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во *Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров*.

**Број 07-481/5**
**Од 26.02.2009година**
**Скопје**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**ПРЕТСЕДАВАЧ,**
**Харалампије Анѓелковски** с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5 /02 ) и член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.5/2006), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**За објавување на Процена за загрозеност на Општина Ѓорче Петров од природни непогоди и други несреќи**

Се објавува Процената за загрозеност на Општина Ѓорче Петров од природни непогоди и други несреќи, што Советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Деведесет и четвртата Седница на Советот, одржана на ден 26.02.2009 година.

**Број 08-618/4**
**од 02.03.2009 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Сокол Митровски с.р.**

Врз основа на член 22 став 1 точка 10 од Законот за локална самоуправа(Службен Весник на РМ бр.5/02), член 15 став 1 точка 9 од Законот за град Скопје (Службен Весник бр.55/04), а во врска со член 4 став 2 и член 5 став 1 и 2 од Законот за управување со кризи(Службен Весник на РМ бр.29/05), член 11 став 2 од Законот за заштита и спасување (Службен Весник на РМ бр.36/04) и член 16 став 1 точка 16 од Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен Гласник на општина Ѓорче Петров бр.5/06), Советот на општина Ѓорче Петров на 94-тата седница одржана на ден 26.02.2009 година, ја донесе следната

**П Р О Ц Е Н А**
**на загрозеност на општина Ѓорче Петров од природни непогоди и други несреќи**

## I. В О В Е Д

Процената има за цел да ги претстави пред се квантативните и квалитативните елементи за анализа на податоците за можните, односно, претпоставените опасности за настанување на загрозување на територијата на Општина Ѓорче Петров, пред се на природни непогоди и други несреќи, предвидување на можен натамошен тек и последиците кои може да бидат предизвикани од истите, со предлог превентивни и други мерки за заштита и спасување како и можните ризици кои може да произлезат од мерките кои се превземаат на ниво на Општината.

Доколку се осврнеме поблиску или подалеку во историјата, на територијата на Република Македонија, а во тој контекст и на територијата на Општина Ѓорче Петров, настанатите прородни и други несреќи биле предизвикани во поголем обем како резултат на влијанието на природните сили, а во помал дел како резултат на човечкото дејствување.

Севкупниот глобален развој, развојот на Република Македонија во сите сфери, како и развојот на Општина Ѓорче Петров не секогаш биле следени и во обласа на превенцијата. Економскиот тренд на Општината не е следен од аспект на опасностите и ризиците кои одат со развојот на Општината за граѓаните на истата, туку тие заостанувале и како резултат на тоа настануваат последици за населението и материјалните добра во Општината, дотолку повеќе што развојот на одделни гранки на економијата се етапно или воопшто не се следени со соодветни превентивно-заштитни мерки.

За одбележување се последиците од поновата историја настанати како резултат на природните непогоди како што се: поплавата во 1962 година, катастрофалниот земјотрес во Скопје 1963 година, поплавите во 1979 година, невремето во 1982 година, снежните врнежи во 1985 година, сушата од 1980 - 2008 година и други помали и локални временски последици оставија негативни влијанија и врз жителите на Општината, а некои пак допринесоа да се рашири Градот Скопје со нови населби, а меѓу другите скопски општин и Ѓорче Петров се разви и прошири со нови населби, меѓу другото и како

резултат на рељефно-географските услови кои се битни како предуслов за здраво живеење.

Наведените непогоди освен директните последици имаа и негативен одраз и врз стабилноста, врз економските текови, врз севкупната економска состојба и нејзината стабилност и на останатите потреби и прашања за развојот на Општината и животот на жителите од истата.

Ваквите состојби, од друга страна пак, наметнаа нови дилеми и потреби.

Забрзаниот економски развој и опасностите кои ги носи со себе во Општината, упатува на фактот дека таквиот развој мора да биде следен и со подготовки и спремност за превенција за заштита и спасување од дејствијата на природните непогоди и другите несреќи кои за миг можат да ја уништат благосостојбата на жителите, како и потреба од соодветна подготвеност со одговор за превенција, како и што потоа, доколку настане последицата.

Ако ги имаме во вид предните констатации, навистина се наметнува потребата од сеопфатно и комплексно сагледување на состојбите и проблемите во областа на операционализацијата на заштитата и спасувањето на населението и материјалните добра од природните непогоди и другите поголеми несреќи и тоа пред се на планот на превентивно-заштитните мерки и спасување, како и подигање на повисоко ниво на степенот на подготвеноста пред се на организационата поставеност на планираните сили за заштита и спасување од одстранување на последиците предизвикани од природните непогоди и другите поголеми несреќи.

Нормативно се утврдени и дефинирани се мерките за заштита и спасување, при што особено со Законот за заштита и спасување точно е утврдено: местото, улогата и задачите на сите субјекти вклучително и на Општината во планирањето и доследно извршување на функционалните мерки и активности за заштита и спасување на населението и материјалните добра.

Доколку достојно се поставaт, планираат и согледат опасностите кои би можеле да бидат закана и се извршат опсежни подготвувања и спроведувања на планираните мерки и активности во превенирањето, во голема мера би се намалиле опасностите од појава на природни непогоди, други несреќи и евентуалните последици од нив.

## II.ОПШТИ КАРАКТЕРИСТИКИ НА ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ

### 1. Географска положба и големина на територијата на Општина Ѓорче Петров

Историските наводи укажуваат на фактот дека Општина Ѓорче Петров датира уште од VII -VI век пред нашата ера. За ова тврдење постои непобитен факт, а тоа е некрополата од Железното време наречена *Дубиче*. Археолошките наоди и предмети од оваа некропола се наоѓаат и чуваат во Музејот на Македонија.

На територијата на Општината се пронајдени и бројни археолошки наоѓалишта кои укажуваат на присутноста на жива цивилизација од времето на римскиот период. За пример и поткрепа на ова ги имаме локалитетите: Голема Кула во атарот на с. Кучково, Некрополата *Ливада* во атарот на с. Орман, а на два километри југозападно од с. Орман и денес се уште се наоѓаат и срекаваат керамички и други археолошки наоди, што е доказ за присутноста на античката цивилизација.

Општина Ѓорче Петров е распослана помеѓу трите реки: Вардар, Треска и Лепенец и е една од повеќето општини на главниот град на Република Македонија - Скопје.

Во однос на Градот Скопје, Општината Ѓорче Петров е лоцирана во северо-западниот дел од Градот и се протега на површина од 6693 км2, со надморска височина од 260 метри, а највисоката надморска височина е 900 метри. Речниот и поголемиот дел од Општината, воглавно се наоѓаат на надморска висина од 255 метри, но има и повисоки населени места со надморска височина од 680 метри.

Во рамките на Општина Ѓорче Петров, влегуваат урбани и рурални населби.

За урбан дел се утврдени урбаните заедници: Хром, Ѓорче Петров, Мирче Ацев, Дексион и Даме Груев, а рурални населби во склоп на Општината се: Ново Село, Пржина, Волково, Волково - Пржина, Орман, Никиштани, Кучково и Грачани.

**Граница на Општина Ѓорче Петров**

Границата започнува од Крстосницата на автопатот Скопје - Тетово (пред мостот на реката Вардар) и се движи низводно по реката Вардар до мостот на проектираната и изградена улица *Циборовски* (1249), свртува по улицата *Циборовски* до крстосницата со улицата *Ѓорче Петров*, свртува на исток по улицата *Пролетерска* (1462) до крстосницата со проектираната улица *Ацо Шопов* и по неа излегува на реката Лепенец, свртува спротивно по течението на реката Лепенец и продолжува по надворешните граници на катастарските општини КО Ново Село, КО Волково, КО Орман, КО Никиштани, КО Грачани, КО Кучково, КО Орман до крстосницата на автопатот Скопје-Тетово (пред мостот на реката Вардар).

Општина Ѓорче Петров е и погранична Општина затоа што нејзината Северна граница се простира долж границите помеѓу република Македонија и Косово. Ѓорче Петров е една од десетте скопски општини, а нејзината територија се граничи со општините: Чучер Сандево, Карпош и Сарај.

**КАРТА НА ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**




## 2. Рељефот и пошуменоста

Територијата на Општина Ѓорче Петров во поглед на орографските карактеристики преставува рамничарско-планинска површина. Планинскиот дел претежно е од ограноците на Шар Планина и од Жеден со варовничка педолошка структура. На нај северозападниот дел имало избиено еруптивна серпентинска маса. Во овие серпентински карпи имало до скоро експлоатирано хромова руда, Рудникот Радуша со окна и на атарот на Општина Ѓорче Петров.

Надвор од територијата на Општината теренот е доста испресечен, дури има и клисури како што се Матка, Дервенска, Качаничка и Радушка. Делот од територијата на Општината што е повисок од 260 метри надморска висина бил обработуван скоро 70%, но сега бидејќи не е во тава функција истиот е обраснат со пионерска - шикареста шума. Исклучок од ваквата пошуменост е во повисоките зони каде има вештачко пошумени енклави и природно пошуменост но во помала мера. Општината не располата со голема површина на шума од вкупната површина од 1010 ха, 578 ха се во приватна сопственост, а 432 ха во општествена.

Рамничарскиот дел бидејќи е со просечна надморска височина од 240м и изобилува со вода од реките Треска, Вардар и Лепенец и педолошка добра подлога скоро целиот е обработлив и ангажиран со земјодеслки култури и

објекти за индивидуално и колективно домување, инфраструктура и стопански објекти.

### 3. Климатски услови

Природно-географските особености во Република Македонија имаат силно влијание врз климатските услови и како резултат на овие специфики се судруваат два основни климатски типови: Медитерански и Континентален, при што произлегуваат и две поизразени годишни времиња: студена (континентална) и влажна (медитеранска) зима и суво и топло лето. Ваквата клима е типична и препознатлива и за територијата на Општина Ѓорче Петров. Високите планини во Републиката, а во тој контекст и Ѓорче Петров не дозволуваат подлабоко да навлезе медитеранската клима.

На територијата на Општина Ѓорче Петров, температурите во летниот период во рамничарскиот дел достигнуваат и до +45$^{o}$ целзиусови, а во ридско-планинскиот дел достигнува до 43$^{o}$ целзиусови. Во зимскиот период може да достигне температуре и до - 25$^{O}$ целзиусови, со мали осцилации во ридско планинските терени од општината.

За територијата на Општина Ѓорче Петров карактеристични се три вида на врнежи: дожд, снег и град.

Врнежите од дожд го достигнуваат својот максимум од декември до мај месец и тоа од: 555 мм/м$^{2}$ и 521 мм/м$^{2}$ во мај.

Снежните врнежи се најголеми во декември и јануари и може да достигнат најмногу до 50 см, кој од година во година се намалува, како резултат на глобалните временски промени.

Врнежите од град најчесто паѓаат од април до септември, а најмногу во април и мај. во Скопската котлина е присутен често, па како резултат на тоа и на територијата на Општина Ѓорче Петров.

Појавата на ветрови присутна е и во ѓорче Петров, кои често пати знаат и да ги менуваат правците на дување. На овој терен најчести и познати се ветровите: Вардарец и Југот. Струењето на воздухот со поголем интензитет е во правец исток-запад, при што допринесува да се појави *Ружа на ветерот* кој придонесува за концентрацијата на маглата и смогот да бидат помали за разлика од другиот дел од Скопската котлина, а со тоа почист воздух и здрава средина за живеење.

Маглата најчесто се јавува во рана пролет, касна есен и зима, така во Скопската котлина можно е да ја има просечно и до 72 дена во годината.

### 4. Хидрографија

Хидрографијата на територијата на Општина Ѓорче Петров е доста распространета со што е овозможен пристоен живот на жителите и развојот на стопанството. Предното го поткрепуваме со фактот што низ општината поминуваат дел од реките:

- реката Вардар во должина од околу 3 км.
- реката Лепенец во должина од околу 6 км.
- главниот водовод за водоснабдување на Скопје, во должина од 4 км.
- изворот во Стопански Двор, Блага Вода и други помали извори и чешми

За Ѓорче Петров од големо значење е и Лепенечкиот канал од Орман до Ново Село и се влива пак во реката Лепенец.

Како резултат на местоположбата, територијата на Ѓорче петров, особено во рамничарскиот дел, располага со многу подземни води, од кои веќе две бушотини се користат за водоснабдување на населението од

Општината и Градот Скопје, како такви се: Бунарите во близина на Лепенец и Бунарот со водовод за водоснабдување на жителите од с.Кучково.

Освен наведените искористувања на подземните води има досега бушотини и бунари кои се користат за индивидуални водоснабдувања и за стопански цели, но точниот број за сега не се знае.

## 5. Население и населби

Според последниот попис на населението на Република Македонија во 2002 година, Општината Ѓорче Петров со сите населени места имала вкупно: 41.634 жители од кои:

| Националност | Број на жители | процент (%) |
|---|---|---|
| Македонци | 35.455 | 85,16 |
| Срби | 1.730 | 4,16 |
| Албанци | 1.597 | 3,84 |
| Роми | 1.249 | 3,00 |
| Бошњаци | 489 | 1,17 |
| Турци | 368 | 0,88 |
| Власи | 109 | 0,26 |
| Останати | 637 | 1,53 |

Според полот состојбата е следна:
- мажи 20.677 или 49,66% ;
- жени 20.957 или 50,34%

Според образовната структура состојбата е следна:

| Степен на образование | Број на жители | процент (%) |
|---|---|---|
| Докторат | 50 | 0,147 |
| Магистратура | 67 | 0,197 |
| ВСС | 2.911 | 8,55 |
| ВШС | 1.231 | 3,62 |
| ССС | 19.461 | 57,18 |
| Основно образование | 7.435 | 21.84 |
| Неписмени | 594 | 1,74 |
| Непознато | 2.284 | 6,71 |

Целокупната територија на Општината е составена од градско јадро и приградски населби.

Градското јадро го сожинуваат 5 урбани заедници (УЗ): Хром, Ѓорче Петров, Мирче Ацев, Дексион и Даме Груев

Останатиот рурален дел од Општина Ѓорче Петров го сочинуваат седум месни заедници (МЗ) и тоа: Ново Село, Кисела Јабука, Волково, Волково-Пржина, Орман, Никиштани и Кучково и една катастарска област (КО) Грачани.

Со пописот од 2002 година пописните податоци на населението се прикажани со тогашната територијална поделба, кои на сегашната територијална поделба не одговараат, но затоа ќе ги прикажеме такви какви што се дадени во пописот од таа година.

Ѓорче Петров според пописот во 2002 година без месните заедници имало 9.041 жители од кои 4.439 мажи и 4.602 жени. Од нив 8.380 македонци, 118 албанци, 35 турци, 35 роми, 31 власи, 281 срби, 36 бошњаци и 125 други.

Населбата Оризари била со 15.637 жители
Ново Село со 8.349 жители.
Волково со 6.750 жители
Кучково со 138 жители
Орман со 461 жители
Никиштани со 1114 жители и
Грачани без жители.

## III.ПРОЦЕНА НА ЗАГРОЗЕНОСТА НА ТЕРИТОРИЈАТ НА ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ ОД ПРИРОДНИ И ДРУГИ НЕСРЕЌИ

Со ова поглавје од Проценката во суштина вршиме проценување од следните природни непогоди и други несреќи искажани подолу во точките:

### 1. Загрозеност од земјотреси

Скопскиот регион претставува специфично подрачје во поглед на геолошкиот и тектонскиот состав на теренот и е познат како сеизмично трусно подрачје.

Во поглед на административната граница на Скопскиот регион, морфолошки гледано, покрај Скопската котлина влегуваат и планините: Жеден, Осој, Каршијака, Сува Планина, Водно, Китка-Караџица, Скопска Црна Гора и други помали ридови.

Сеизмичката активност на територијата на Република Македонија е концентрирана во повеќе сеизмогени подрачја кои во однос на јачината на настанатите и очекуваните земјотреси се класифицирани во категории од: прв, втор и трет ред.

Сеизмогените извори од прв ред се регионите каде што се случени земјотреси со магнитуда М=6,1 - 7,8, односно се очекуваат земјотреси со максимална магнитуда од М= 6,5 - 8,0. Во оваа категорија спаѓа и Скопскиот регион.

Скопското сеизмогено подрачје претставува пример на жариште кое е поврзано со манифестација на современите тектонски процеси во рамките на Скопската котлина и приконтактните рабни делови.

Скопје со неговото соседство укажува барем до сега дека има сложени сеизмогени жаришта и карактеристики на теренот. Така да Скопје е изложено на силни земјотреси од автохтоно жариште.

Во Република Македонија и во скопскиот регион во минатото се случиле повеќе стотици земјотреси од кои значителен број имале деструктивни манифестации, без позначителни последици, а дел од нив во суштина помалку, но затоа се манифестирале со катастрофални последици.

Скопската котлина преставува нео тектонска депресија исполнета со нео гонси наслаги. Нео депресијата Лепенец е распространета меѓу селата: Злокуќани, Ново Село и Бардовци, во должина од 3000 метри, ширина од 750 - 12000 метри и дебелина од 130 метри.

Катастрофалниот зејотрес од 26.07.1963 година во 05 часот и 17 минути што го зафати Скопје е посебно ригорозен пример на екстремната сеизмичка опасност. Бројот на жртвите од 1.070 загинати и 3.300 повредени лица,

штетите на материјалните добра во однос на националниот доход ги надминува сите дотогашни познати катастрофални земјотреси во светот.

Ваквите катастрофални последици од Скопскиот земјотрес, се резултат на дотогашното не применување на резултатите од сеизмичките истражувања и превентивни мерки за заштита од катастрофални земјотреси и недоследната примена на техничката регулатива во градежништвото.

Територијата на Општина Ѓорче Петров, особено урбаното подрачје, покрај високата сеизмичка активност се карактеризира со густа населеност, каде има одреден број на стари санирани и несанирани објекти. Во урбаниот дел на Општината и во поедини нивни населби се застапени повеќе катни армирано-бетонски градби, согласно предвидениот степен на сеизмолошката карта.

Во Општина Ѓорче Петров градбата на објектите е разноврсна. Ново изградените објекти се изградени со рам-конструкција од армиран бетон и ѕидани со полна тула и сеизмички градени. Во Урбаната заедница Мирче Ацев и Дексион, после земјотресот од 1963 година во Скопје се изградени индивидуални дрвени објекти за живеење, кои не би имале проблеми од земјотрес. Истите до денес скоро 90% се реконструирани и изградени се семејни ккуќи со армирано-бетонска конструкција, а ѕидани се со полни и шупливи цигли. Во делот на УЗ Ѓорче Петров, УЗ Мирче Ацев, УЗ Дексион, УЗ Хром и УЗ Даме Груев, има објекти за колективно домување, кои се изградени од монтажно армирано-бетонски елементи од фабриката *Карпош*. Дел пак од објектите во Општината се блок-систем кој по земјотресот се појачани и реконстуирани.

Градбите од типот на монтажно тешки панели се најчесто со висина од П+7 ката и истите се покажаа како најсигурни до оваа висина. Скелетниот систем е многу подобар во смисла на изведување на објекти од поголема катност од П+10 - П+25 ката и издржуваат појаки земјотреси од 7-9 МЦС (Скала на сеизмички интензитет - Меркалли - Цанцани - Сиеберг)

За карактеристиките на постојниот градежен фонд на територијата на Општина Ѓорче Петров и за степенот на повредливоста од земјотреси, поголеми од 7 - 9 степени МЦС, тешко е да се зборува без претходно изработка на комплексна студија, за состојбата на градежниот фонд, но во глобална оценка може да се констатира следното:

1.Ново изградените објекти по земјотресот од 1963 година во општествениот сектор се со најголем степен на заштита во случај на катастрофални земјотреси, од кои не би требало да се очекуваат урнатини или доколку има, истите ќе бидат во исклучителен мал број и обем. Кај овие објекти можно е да се очекуваат некои локални оштетувања во конструкциите и поголеми оштетувања во преградните ѕидови, инсталациите и друго.

2.Објектите што се санирани после земјотресот во Општина Ѓорче Петров ги има малку, и тие се објекти каде постои најголема диспропорција со оглед на зафатите што се превземени. Така има поедини објекти во Општината но истите се ниско градби, кој се санирани со армиран бетон и обложени ѕидови со мрежна арматура и бетон, чија сигурност може да се каже дека е голема, меѓутоа има исто така и објекти чие санирање е изведено не стручно и провизорно со делумно зајакнување. Кај овие објекти би се очекувале големи оштетувања, па дури и уривање во случај на земјотреси од 7-9 степени според Меркалиевата скала.

3. Постојните објекти што не се санирани во Општината, постои поголема разлика од оние што биле без оштетувања, што значи дека во

нареден земјотрес ќе бидат со други карактеристики, кои исто така добро ќе се однесуваат, а има и објекти кои се уште егзистираат со пукнатини, но во многу мал број, над кои не е изведено до сега нивно конструктивно санирање. На овој вид објекти може да се очекува најголемо уривање и оштетување при евентуален земјотрес.

4.Ново проектираните објекти се со поголем степен на заштита и во најголем број, што е и најважно во услови на зафатеност од земјотрес, истите би биле брзо употребливи.

5.Што се однесува до индивидуални станбени згради и покрај тоа што не се под директна контрола на надзорните служби, вообичаениот начин на градење зборува дека е со доста голем степен на заштита и во тој поглед не би требало да се очекува големо уривање.

Како одговор на овие пет претпоставки за квалитативното и квантитативното градење треба да се бара одговорот во студијата за повредливоста на Градот Скопје, која ќе послужи и на Општина Ѓорче Петров, како основа за идните планирања во процесот на заштитата.

Во поглед на преоптеретеноста на сообраќсајниците не треба да се очекува поголем проблем во Општината, бидејќи сообраќајното решение е добро проектирано и изведено. Така да се изградени некои од главните сообраќајници, како што се ул. Циборовски, ул. Ѓорче петров, ул. 4-ти Јули, ул. Лука Геров, ул. Македонска војска која е во градба, потоа ул. Шар Планинска и други улици кои треба допрва да се проектираат и градат како што е ул. Илинденска и други. Изградените улици се поврзани со доста попречни улици кои исто така се квалитетни и истите овозможуваат квалитетен сообраќај и пристап на противпожарните и болничките возила и тоа до сите делови од Општината. Меѓутоа, најголема опасност постои во погусто населените урбани заедници каде се потесни уличките.

Ако ги имаме во вид фактите дека во Општината нема високо катници тоа значи дека нема услови за тотално легнување на згради каде што должината на урнатините да е еднаква на висината, туку ќе има уривање на *купови* при што зафатената површина ќе изнесува од 1/5 - 1/8 од висината на зградите.

Во услови на земјотрес од појак интензитет за Општината ќе биде катастрофален исходот со: водоснабдувањето, електроводоводите, поштенските водови, гасоводните додатоци и системи, атмосферскиот одвод, канализационата мрежа, како и други водови.

Доколку евентуално Општината биде зафатена со катастрофален земјотрес со јачина од 7-9 по МЦС, последиците од уривање на објектите процентуално би биле далеку помала во однос на 1963 година и би достигнало некаде околу 40% од станбениот фонд и другите објекти.

Реално и логично е да се очекува и човечки загуби при појава на катастрофални земјотреси од 7-9 степени МЦС. При вакви состојби човековите загуби да изнесуваат до 2% од населението во Општината, додека бројот на повредените би бил од 10-15%.

Со цел намалувањ ена последиците, особено внимание треба да се посвети на превентивните мерки за заштита и спасување од урнатини, со вклучување на сите надлежни органи и организации и институции во Републиката, а со планската и дисциплинирана изградба би се зголемила безбедноста на изградените објекти.

## Скала на сеизмички интензитет - МЦС (Меркалли-Цанцани-Сиеберг)

| Степен | Земјотрес | Опис на ефектите врз луѓето, објектите и природата |
|---|---|---|
| I. | Незабележлив | Го забележуваат само сеизмографите |
| II. | Многу слаб | Го забележуваат поединци, посебно на повисоките катови |
| III. | Слаб земјотрес | Го чувствуваат и понекои надвор; подсетува на тресење предизвикано од поминување на лесен камион |
| IV. | Умерен | Го чувствуваат многумина, но нема појава на паника, прозорците тропаат, таванските греди крцкаат |
| V. | Јак земјотрес | Луѓето се будат од сон, зградите се тресат од темел, висечките предмети се нишаат, животните се вознемирени, часовниците со нишало застануваат, се забележува нишање на дрвјата, столбовите (електрични, телефонски) и други високи објекти |
| VI. | Многу јак | Почеток на паника: исплашени животни, некои луѓе губат равнотежа, се кршат стаклени предмети, на влажна почва се јавуваат пукнатини со широчина од 1 см, почнува да се јавува промена во режимот на подземните води и заматување, на реките и езеата појава на слабо бранување |
| VII. | Оштетувачки | Сите бегаат надвор. Оштетувањата на добро проектираните и изведени објекти се занемарливи, мали до умерени оштетувања на добро градени обични објекти, значителни кај слабо градени или лошо проектирани објекти, некои оџаци се срушени. Го забележуваат и луѓето во автомобили во движење |
| VIII. | Делумно разурнувачки | Мали оштетувања на специјално проектирани објекти, значителни оштетувања на обичните објекти со парцијални рушења, големи кај лошо изградените објекти. Кај рамовски конструкции појава на избивање на панелните ѕидови. Паѓање на оџаци, столбови, споменици, ѕидови. Појава на избивање на песок и кал во мали количини. Промени кај бунарите и изворите. Луѓето во автомобили во движење се вознемирени. |
| IX. | Разурнувачки | Значителни оштетувања на добро проектирани објекти, изместување на добро проектирани рамовски конструкции, големи оштетувања на обичните објекти. Придвижување на објектите во однос на темелите, пукнатини во почвата. Општетување на цевководите |
| X. | Уништувачки | Рушење на некои добро изградени дрвени објекти, поголемиот дел на ѕидани објекти и рамовски конструкции се уништени до темел, големи пукнатини во почвата. Извиткување на железничките шини. Значителна појава на свлечишта на речните брегови и стрмите падини. Избивање на песок и кал. Плискање (излевање) на вода преку бреговите (река, езеро) |
| XI. | Опустувачки | Сите ѕидани објекти (со ретки исклучоци) се урнати. Урнати мостови, Широки пукнатини во почвата. Вклопените цевководи се потполно неупотребливи. Почвата слегнува, а кај меките почви се јавува поместување, се јавуваат големи пукнатини. големи извиткувања на железничките пруги |
| XII. | Катастрофален | Потполно рушење. Сите изградени објекти се многу оштетени или срушени. Се гледаат бранови на површината на земјата. Денивелација на теренот. Подигање (фрлање) на предмети во воздух. Можни промени на рељефот, промена на речните корита |

## 2. Загрозеност од рударски несреќи

Иако територијата на Република Македонија се уште не е доволно испитана, рудното богатство е доста големо и разновидно. Според резултатите од досегашните испитувања, констатирано е дека на голем број локалитети има лежишта на метални руди и некои од нив веќе се користат.

Поширокaта околина на територијата на Општина Ѓорче Петров е познато по наоѓалиштата и експлоатацијата на хромовата руда и тоа од познатиот рудник *Радуша* кој сега територијално не се наоѓа во атарот на Општината, но затоа пак има неколку јами кои се на подрачјето на оваа Општина. Овој рудник имал значајно место за развојот на Ѓорче Петров, затоа што жителите на Кучково до скоро им било основно занимање рударството. Ѓорче петровци во минатиот век егзистенцијата ја остварувале во Дробилницата и Перилиштето во населбата *Хром*, каде имало и интерно училиште во траење од три години, каде учениците се стекнувале со знаење на квалификувани работници и се упатувале низ цела Македонија за работа во рудниците, а некои биле упатувани за работа во радушкиот руден басен.

Со откривањето на рудното лежиште Тајмиште - Кичевско, престанал полека рудникот Редуша со работа, но тоа не значи дека нема да проработи и да се експлоатира хромова руда, но за тоа во друга прилика.

Со оглед дека јамите по напуштањето не биле правилно и стручно конзервирани имало неколку случаи кои завршиле со смрт, како резултат на нивната неукост за влез во јамите каде или беа заробени од одрони или пак затруени од гасовите кои се ослободуваат во јамите. Предното и натаму опоменува и бара превземање на превентивни мерки.

Во атарот на с. Кучково и тоа на самиот раб, се врши експлоатација на травантински камен за градежништвото од страна на работната организација *Силекс* и тоа со површинска експлоатација, кој е и сега активен.

### Несреќи во рудниците со подземна (јамска) експлоатација

Најчести несреќи во рудниците со подземна (јамска) експлоатација се зарушувања (одрони), поплави и пожари и истите може да бидат предизвикани од различни примени и тоа:

- Дејства при извршување на работите во текот на експлоатацијата (минирање, транспорт и слично);
- Влијанието на природните појави и непогоди (земјотреси, тектонски поместувања, слични и поројни врнежи);
- невнимание и небрижност;
- намерно предизвикување несреќа.

### Зарушување (одрони)

Зарушувањата во јамските простории се најчеста појава и истите може да предизвикаат несреќи со сериозни последици врз луѓе кои работат на експлоатација во рудниците и врз материјалните добра. Во зависност од карактерот на зарушувањата истите може да предизвикаат и последици во пошироката околина. Зарушувањата настануваат како последица на минирањето во јамите, а несреќите се случуваат при подградувањето на јамските простори и со дрвени потпори. Понекогаш има појава и на само зарушување кое најчесто е последица од дотраеноста на вградените потпори или од влијанијата на минирањето и природните појави и непогоди.

Причина за појава на зарушување може да биде и нестручно изградената потпора, или пак нејзино намерно оштетување. За време на почетните фази на експлоатацијата, за време на самата експлоатација на рудниците и потоа потребна е стручност и темелитост во работата, како и целосно преземање на превентивни мерки и активности.

**Поплави**

Поплавите се постојана опасност за рудниците, особено оние што се на најниска надморска висина, односно оние што се најдлабоко под површината на земјата.

Поплавувањето на јамските простории најчесто е предизвикано од присуството на подземните води, чии природни текови се прекинуваат во текот на експлоатацијата, но голема опасност претставуваат и атмосферските води, особено при силни и долготрајни поројни дождови.

Со поплавувањето на јамските простории опасностите врз луѓето не се многу изразени, но истите предизвикуваат сериозни оштетувања кај материјално-техничките средства и опремата, при што често пати доаѓа до нивно целосно уништување.

Како последица на поплавувањето може да се појават голем број на зарушувања.

Доколку станува збор за намерно предизвикување на поплави, истото може да биде предизвикано со оштетување на системот за исфрлање на водата, оштетување на пумпните станици и оштетување на другите системи и инсталации.

**Пожари**

Пожарите како можни причинители на рударските несреќи не треба да се занемарат, иако тие се карактеристични за рудниците на јаглен каде што има појава на самозапаливи и запаливи експлозивни гасови.

Основа за појава на пожари во јамските простории е присуството на сува дрвена прашина која настанува од дрвените потпори. Оваа прашина подолг период се таложи и во даден момент може да дојде до нејзино запалување и предизвикување на пожари од поголеми размери.

Запалувањето може да биде предизвикано од различни причини и тоа од фрлено догорче, при минирање, искра од електрична инсталација или пак од намерно палење.

Појавата на пожари во рудниците се со висок степен на опасност и загрозување на луѓето, материјално-техничките средства и опремата и тоа пред се од големата количина на чад и јаглен моноксид, кои може да предизвикаат труење кај луѓето и задушување од поголеми размери.

Последиците од пожари може да бидат многу сериозни и заради карактеристичните услови во јамските простории кои не дозволуваат соодветна и навремена употреба на средствата и опремата за гаснење на пожарите или нивната употреба е во голема мера отежната.

Со оглед на видот и карактерот на опасностите, како и последиците кои може да бидат предизвикани, неопходно е потребно да се планираат, подготуваат и спроведуваат сите потребни мерки за заштита и спасување, со цел спречување на настанување на несреќи, однсоно успешно справување со проблемите и со последиците при нивната евентуална појава.

Заради тоа, потребно е мерките за заштита и пасување да се спроведуваат на сите нивоа и од страна на сите субјекти, особено во однос на:

- Изградбата, одржувањето и користењето на рудниците;
- целосна примена на нормативите и стандардите и надзор врз нивното спроведување;
- уредување на јамвските простории, површинските копови и другите рударски објекти во однос на заштитата од појава на поплави, пожари, експлозии, одрони и слично;
- обезбедување на сите материјално-технички средства и опрема потребни за заштита и спасување во услови на природни непогоди и други несреќи;
- обучување и оспособување на припадниците во организираните структури на заштитата и спасувањето, особено за спасување на затрупани и повредени лица, давање прва медицинска помош, расчистување на урнатините и асанација на јамите, површинските копови и други објекти во кои настанала несреќата.

### 3. Загрозеност од поплави и уривање на високи брани

Реката Вардар е најголема река во Република Македонија и воедно реципиент во кој се сливаат поголем дел од водотеците (притоките) во Републиката. Сливната површина до Градот Скопје, изнесува F = 4625 $км^2$. Во Градот Скопје реката Вардар ги прима, десната притока Треска и левата притока Лепенец.

Појава на големи води и опасноста од поплави на подрачјето на Општина Ѓорче Петров се должи на долготрајни едновремени врнежи во реоните на сливовите на реките Вардар, Треска и Лепенец, како и совпаѓањето на поплавните бранови на овие реки. Степенот на опасноста зависи од интензитетот на дождовите, времетраењето и коинциденцијата на трите сливни подрачја, како и времето кога тие се појавуваат.

Поплавите во летниот период се од пороен карактер и се со голем интензитет при што зафаќаат помали подрачјал, но со големи штети. Во зимскиот период се појавуваат поплави пред се, поради брзото топење на знегот и врнење на дожд, но со помали штети.

Од досегашните направени согледувања и добиени податоци може да се заклучи дека скоро сите реки и водотеци вклучувајќи ја и реката Вардар имаат пороен карактер со што заштитата и спасувањето од поплави ја прави сложена и специфична.

Поради честите поплави во Скопската котлина изградени се повеќе водостопански објекти, а по поплавата од 1962 година, е пристапено кон организирано уредување на коритото на р. Вардар и неговите притоки, но само долниот дел надвор од Општина Ѓорче Петров. Коритото на реката Вардар по целиот тек низ Општината не е регулирана, а истото се однесува и за реката Лепенец.

За успешно спроведување на мерката заштита и спасување од поплави од особено значење се прогнозите и проценките на очекуваните големи води. Од ова произлегува дека хидро-метеоролошката служба мора да обезбедува сигурни и точни информации за порастот на протокот во речните корита и за врнежите по целиот речен слив.

Ако се служиме со хидро-метеоролошките кратокорочни прогнози, тогаш за секоја конкретна метеоролошка и хидролошка состојба можат да се добијат информации за очекуваните големи води. Оваа специфичност на

големите води како природна стихија, овозможува да се превземаат одредени мерки за активна одбрана и заштита. Ако се располага и со доволно информации за транспортната способност на речната мрежа во загрозеното подрачје, тогаш со помош на прогностичките информации можат активностите да се усмерат на критичните места и во таков обем што може да биде доволно ефикасен за да ги спречи или пак ублажи последиците од големите води.

Активностите што се однесуваат на организацијата за заштита и спасување од поплави се во зависност од големината на порастот и протокот на реките. Од досегашните искуства поврзани со поплавите во Скопје, а врз основа на анализите, проектите и елаборатите изработени во Градот Скопје за оваа проблематика во изминатиот период се проценува дека заштитата од поплави треба да се организира во зависност од фазите на опасности од поплави кои можат да се предвидат и тоа:

- **Прва фаза**, започнува веднаш кога во реките има зголемен проток на води во коритото на реките Вардар и Лепенец, а според временските прогнози се очекува водостојот да расте;
- **Втора фаза,** започнува кога водостојот достигне критично ниво за излевање на водата во одделни реони и плавни подрачја, а во исто време се очекува натамошно зголемување на водостојот и постои опасност на излевање од речните корита;
- **Трета фаза,** започнува кога водостојот го надмине критичното ниво за излевање на водите или кога се испуштаат поголеми количини на вода од акумулацијата на ХЕ Матка..;
- **Четврта фаза,** започнува кога се очекува надоаѓање на катастрофални води или уривање на некоја од браните *Козјак*, *Матка-2* и браната *Матка - 1*.

Прогласувањето на поедини фази за заштита од поплави се условува од големината на протокот на реките Вардар, Треска и Лепенец и е во зависност од степенот на опасноста, а прогласувањето го врши надлежен орган во Општина Ѓорче Петров, Градот Скопје и Републиката.

Евакуацијата на граѓаните во Општината ќе се врши кон северозападниот дел на Општината. Во плановите за реализација на евакуацијата ќе бидат конкретизирани правците на движење, локациските места, собирните пунктови по урбани заедници и други мерки и активности за успешно извршување на евакуацијата на населението.

Со изградба на браната *Козјак* и *Матка - 2*, можноста за појава на енормно големи води е сведена на минимум, бидејќи реката Треска учествува со околу 60% на големите води во Градот Скопје, Браната Козјак ќе го акумулира врвот на поплавниот бран од реката Треска испуштајќи подоцна знатно помали количини вода во другите брани низводно.

Загрозеноста од поплави при уривање на високите брани производството на електричната енергија, водостопанството, туризмот и слично, но браните, особено високите преставуваат голема опасност, имајќи предвид дека при нивното уривање би биле предизвикани големи последици кај населението и материјалните добра.

Браната *Матка* е изградена на реката Треска на излезот од кањонот на 14 км од Скопје. Заради подобро приспособување на браната кон теренските услови, браната е лачна-армирано-бетонска. Висината на браната е 29,50 м. а должината во круната на браната е 64 м.

Акумулацијата на браната има вкупно зафатнина од 3,55 милиони $м^3$, а корисната зафатнина изнесува 2,60 милиони $м^3$ вода. Во случај на рушење на браната *Матка* директно на удар на поплавниот бран низводно се изложени

голем број на населени места и објекти во урбаниот дел на Општина Ѓорче Петров и Градот Скопје со приградските населби, а би биле поплавени урбаните заедници утврдени ако подрачје за евакуација во четвртата фаза на одбрана од поплави.

Од рушењето на браните може да бидат предизвикани големи штети и тоа пред се на загрозување на животите на луѓето како и онеспособување на многу стопански и други објекти како и оштетување на улици и патишта во Општината.

Имајќи ја предвид целокупната состојба во високите брани, а со цел да се избегнат, однсоно намалат последиците од евентуално рушење или прелевање на браната потребно е надлежните органи на управата и субјектите кои стопанисуваат со високите брани, во рамките на своите надлежности за безбедност на браните доследно да се придржуваат на прописите и мерките утврдени со закони и други подзаконски акти. Особено значајно е обуката и запознавањето на населението со знаците за опасност од уривање на брана како и со мерките и постапките за заштита и евакуација.

Мерките за заштита и спасување предвидени во поглавието загрозеност од поплави се однесуваат и за заштитата и спасување во услови на рушење на високи брани.

Во иднина поплавни бранови можат да се очекуваат од горниот тек на реката Вардар до Скопје, како и реката Лепенец во целиот нејзин тек во Република Македонија се до вливот во реката Вардар. За да имаат реките Вардар и Лепенец поголема проточност, нивните корита постојано треба да бидат чисти.

## 4. Загрозеност од снежни врнежи, наноси, лавини и олуи

Снежните врнежи, наноси, лавини и олуи, како природни метеоролошки појави во зимскиот период предизвикуваат различни пореметувања во секојдневните активности во Општина Ѓорче Петров.

Овие природни непогоди особено го отежнуваат функционирањето на сообраЌајот во Општината, а делумно предизвикуваат физичко оштетување на надземните телефонски водови и преносната електрична мрежа. Снежната покривка во Скопскиот регион се јавува во месеците декември - јануари, кога снежната покривка може да биде најголема и се движи во просек до 20 см.

Олуите како појави не се често присутни во Скопскиот регион, меѓутоа бидејќи тие можат да предизвикаат големи несреќи проследени со човечки жртви и оштетувања или уривања на објекти, мора да се посвети поголемо внимание на заштита и спасување од појава на олуи.

Намалувањето на штетните влијанија од снежните намети и олуи, како и намалувањето или отстранување на последиците, може да се обезбеди со вградување на мерките за заштита и спасување и нивно целосно имплементирање во урбанистичките планови.

Јавните претпријатија, организациите и операторите на електро и телекомуникацискиот систем како и оние кои ги одржуваат јавните сообраќајници со свои екипи, мора да ги одржуваат објектите со кои стопанисуваат, особено во услови на појава на снежни намети кои можат да предизвикаат поголем застој во вкупниот сообраќај во Општината.

Во услови на врнежи на снег, Општината мора да превземе организирани превентивни мерки за отстранување на снежните врнежи од коловозите и улиците во Општината, со приоритет на стрмните улици и патишта кои водат до населбите и населените места.

## 5. Загрозеност од пожари и експлозии

Во зависност од видот на градбата и густината на објектите различна е пожарната оптеретеност на одделни подрачја на Општина Ѓорче Петров, односно урбаните и месните заедници. Од пожари најмалку се загрозени објектите кои се изградени од тврд материјал, било да се ниски или високи објекти, особено во урбаните заедници. Таму гистината на населеност и густината на изграденост со најголеми, пристапните патишта за против пожарни возила се најповолни, изведена е надворешна хидрантска мрежа, објектите се снабдени со внатрешни против пожарни хидранти и постојат солидни против пожарни препреки. Според тоа опасностите од избувнување на пожар се најмали, а при евентуална појава не може да достигне катастрофални размери.

Анализите покажуваат дека посебно се загрозени од пожар оние урбани заедници каде објектите претежно се изградени од дрво (бараки). Голем број од овие бараки се преадаптирани во ѕидани куќи, но со тоа се згусна и бројот на населеноста и во одделни населби сега е отежната пристапноста на ПП возилата од причина што автомобилите сега се паркирани на улиците и со тоа пристапот е поотежнат. Во овие населби постои можност за пренесување на пожарот од еден запален објект на соодветниот објект бидејќи имаат мала против пожарна отпорност.

Затоплувањето на објектите на подрачјето на Општина Ѓорче Петров е на неколку начини и тоа: преку индивидуални-сопствени котларници, индивидуално со помош на термо печки, печки на дрво, јаглен, плин и др. Најзагрозени се урбаните заедници во кој претежно е застапено индивидуалното затоплување и тоа поради несоодветно користење на уредите и средствата за греење, особено со запалливи течности и гасови. Исто така, кај индивидуалното затоплување со парно греење, опасноста од појава на пожар е присутна поради поголема количина на запаливи течности и лошо одржување на резервоарите за гориво.

Бидејќи на подрачјето на Општината има и пошумени енклави, шумските пожари можат да предизвикаат значителни материјални штети, а се загрозува и функцијата на шумите за зачувување на човековата околина и други корисни функции што ни ги овозможува шумата.

Сите активности и мерки во случај на пожар и непосредна опасност во пошумените енклави од Општината се во ингеренција на Јавното претпријатие *Македонски шуми*, кои и стопанисуваат со шумите.

Во Градот Скопје за потребите на Градот и општините, дејствува Против Пожарна Бригада. Во Општина Ѓорче Петров постои Против Пожарен Подцентар.Покрај тоа, во рамките на различни стопански субјекти формирани се противпожарни единици за нивни потреби.

Исто така, може да се констатира дека противпожарните единици не се кадровски пополнети и обезбедени со материјално-технички средства и опрема, согласно важечките стандарди, како последица на недоволни финансиски средства за опремување на противпожарните единици. Треба да се напомене дека обученоста на граѓаните за гасење на пожари, ракување со противпожарните средства, свеста за потребата од придржување и спроведување на превентивните мерки, не е на задоволително ниво.

Заради успешна и ефикасна заштита од пожари, особено внимание треба да се посвети на урбанистичките и градежните мерки и тоа во однос на:

- микролокација на објектите;
- вградување на инсталации, уреди и средства отпорни на пожари;

- изградба на соодветни сообраќајници и природни патишта, како и слободни површини за ефикасна интервенција;
- намалување на пожарната осетливост на објектот;
- мерки за локализација и спречување на ширење на пожарот;
- мерки кои овозможуваат успешна интервенција при гасење на пожарот и спасување на луѓето, материјалните и други добра;
- изградба на хидрантска мрежа за брза и ефикасна интервенција како и вградени автоматски детектори за пожар.

Иако во изминатиот период се преземени низа мерки и активности за подобрување на состојбите во заштитата од пожари и експлозии, сепак општите безбедносни состојби во оваа област се уште не се на потребното ниво и затоа треба да се преземат следните активности за заштита и спасување од пожари:

- подготовка и спроведување на превентивни мерки во сите средини, објекти, места и простори каде постои можност за настанување на пожари;
- отстранување на причините за настанување на пожари;
- набљудување и известување за настанување на пожари;
- снабдување на објектите со противпожарни апарати;
- гасење и локализирање на пожари;
- организирање и подготвување на силите за гасење на пожари;
- заштита и спасување на населението, материјални и други добра од објектите, местата и подрачјата загрозени од пожари.

## 6. Загрозеност од неексплодирани убојни средства

Подрачјето на Општина Ѓорче Петров како и целосно скопско подрачје гледано од Републичката проценка, а која ги планира и спроведува Дирекцијата за заштита и спасување, не спаѓа во карактеристични подрачја кои имаат поголема концентрација на неексплодирани убојни средства. Но, со оглед на опасностите како и видот и карактерот на последиците кои можат да бидат предизвикани врз населението и материјалните добра, заштита од неексплодирани убојни средства (НУС), претставува мошне комплексна мерка за заштита и заради тоа е потребно доследно придржување кон одредбите на пропишаните стандарди-оперативни процедури од страна на сите субјекти вклучени во таа проблематика, почнувајќи од нивното откривање, утврдување на видот, експлозивно полнење, извлекување на безбедно место, транспорт, складирање на соодветни магацински простори, се до нивно уништување. При извршување на сите наведени мерки и активности од приоритетно значење е безбедноста на лицата кои истите ги спроведуваат (пиротехничари, санитетски екипи, возачи), како и безбедноста на населението и материјалните добра кои се непосредно загрозени од пронајденото неексплодирано убојно средство. Без разлика за каква експлозија се работи дали е голема или мала ќе паредизвика човечки загуби со најразлични последици во зависност од надпритисокот на експлозијата, пукање и кршење на стакло, исфрлање на прозорски крила, уривање на кровови, рушење на ѕидови, оштетување скелетна конструкција и ранување и загуба на луѓе.

Заштитата од НУС како мерка за заштита и спасување на населението и материјалните добра, спаѓа во рамките на редовните надлежности и делокруг на работа на Дирекцијата за заштита и спасување (ДЗС), како во секојдневните редовни услови на живеење и работење, така и во услови на природни непогоди и други несреќи.

Во подрачната единица за заштита и спасување на подрачјето на Градот Скопје е формирана и специјализирана единица за заштита од неексплодирани убојни средства кое го покрива целото подрачје во Градот како и општините во Градот Скопје.

## 7. Загрозеност од свлечилишта и лизгање на земјиштето

Лизгање на земјиштето претставува лизгање, односно свлекување на површинските слоеви на земјиштето, кое по своите манифестации можат да го категоризираат како:

- Свлечишта и
- одрони

а) Причини поради кои настануваа лизгања на земјиштето воглавно се:

- природни услови
- геолошката градба
- инжинерско-технолошката изведба
- морфолошката и др.

б) Тука се јавува и човечкиот фактор:

- интензивна градба
- неконтинуирано засекување на теренот
- оптоварување на теренот со разновиден материјал
- сечење и палење на вегетацијата

Настанување на лизгање на земјиштето, а пред се свлечиштето како најсериозен облик, на појава се сврзани за површинскиот покривач од било кој генетски вид (леднички, делувијален или комбиниран).

Подземната вода предизвикува влажнење на глинесто прашинестата компонента поради што таа ја менува својата конзистентна состојба. Движењето на подземните води предизвикува променливи хидродинамички ефекти со појава на сулфозиони процеси долж падините и се зголемува порозноста и нестабилноста. Со зголемување на пукнатините навлегуваат површински води и се свлекуваат нови маси. При вакви состојби сериозно се загрозени луѓето, објектите, инфраструктурата и други материјални добра. Заради тоа е неопходно преземање на интервентни мерки.

### Интервентни мерки

- да се зафатат површинските атмосферски води и да се насочат надвор од зоната на појавеното свлечиште со цел да се спречи нивна директна инфилтрација во отворените пукнатини од телото на свлечиштето;
- наводнување на бавчите, овоштарниците, градините да се сведе на неопходниот минимум;

На Територијата на Општина Ѓорче Петров нема екстремни терени за вакви појави, но не се исклучува можноста при големи и чести врнежи од дожд и снег да се појават, особено во повидоката зона во атарите на селата: Ново Село, Волково, Орман, Никиштани, Кучково и Грачани.

## 8. Загрозеност од епидемии на заразни заболувања

Денешната состојба во однос на појавата и движењето на заразните заболувања, како и начинот и степенот на водоснабдувањето, урбанизација

на населените места, степенот на здравственото воспитание на населението и вкупниот развој на превентивната медицинска заштита, имаат непосредно влијание за значително подобрување на санитарно-хигиенската состојба во Општината Ѓорче Петров и покрај тоа епидемиолошката состојба е константно несигурна. Оваа констатација произлегува од податокот што сеуште се регистрираат релативно голем број на заболени од заразни заболувања и нивно повремено јавување во форма на помали или поголеми епидемии. Во мирнодобско време можни извори за настанување на разни заразни болести се:

- неспроведувањето на соодветни мерки во водоснабдувањето и одпадните води;
- пропусти во производството и чувањето на прехрамбените продукти од животинско и растително потекло;
- лоши санитарно-хигиенски услови;
- ненавремена и несоодветна дезинфекција, дезинсекција и дератизација;
- појава на заразни болести од различни извори и друго.

Сите овие извори можат да доведат до макро и микро епидемии на поедини или целосни подрачја, при што ќе се појават разни заразни болести.

Заразните болести по своите специфични карактерисики и начинот на нивната појава и брзо ширење за краток период, можат да опфатат поголем број на лица и да доведат до состојба на епидемија. Ваквата појава може да се случи во градинки, училишта, други правни субјекти, јавни установи како и во поширокото населено подрачје.

Се проценува дека постои опасност од можности на внесување на карантински заболувања преку лица кои престојувале во заразни подрачја, а на истите при излегување или влегување во нашата земја, односно во Општината не се преземени соодветни противепидемски и други заштитни мерки предвидени со закони и други акти. Се проценува дека последиците кај населението од појава на заразни заболувања во услови на природни непогоди и други несреќи се зголемуваат во зависност од вложените и пореметени услови во водоснабдувањето. исхранаta, становањето, услови на работа како и низа други комунални и други состојби во една урбана средина каква што е Општина Ѓорче Петров, Градот Скопје и пошироко во Републиката.

Во било која можност на појава на заразни болести ќе се зголеми потребата од крв, лекови, серуми, вакцини и друг санитатски материјал. Со решавањето на задоволителен начин на снабдувањето со вода за пиење на населението во Општината се придонесува да се намали бројот на заболените од групата на цревни заразни болести и се поретко овие болести да се јавуваат во форма на епидемии. Меѓутоа, на поширокото градско подрачје, а особено во селските населби кои користат вода за пиење од локални водоснабдителни објекти (чешми, бунари, пумпи) поради бактериолошка и хемиска неисправност на водите за пиење, а особено поради неодржувањето на овие објекти преставува потенцијална опасност за појава на цревни заразни заболувања, пред се поради движењето на населението од овие подрачја во Општина Ѓорче Петров, односно Градот Скопје. Затоа покрај другите мерки и активности, кои ги спроведуваат Републичкиот и регионалните заводи за здравствена заштита со нивните поединечни единици, приоритетна задача претставува вршењето на континуиран мониторинг и евалуација на санитарно-хигиенската состојба на

водоснабдувањето на населението на објектите за водоснабдување и на безбедност на водење на пиење.

Отстранувањето на отпадните материи од Градот организирано се врши од ЈП Комунална хигиена на градската депонија *Дризла* во близина на село Батинци. Локацијата на депонијата од аспект на заштита на човековата околина и здравјето на луѓето одговара и не може да влијае врз појава и ширење на заразни болести.

Заводот за здравствена заштита на Град Скопје преку епидемиолошката служба врши следење и откривање на заразните болести и хемиските материи како можни фактори за настанување на масовно заболување и штетно влијание на здравјето на луѓето.

Во Општина Ѓорче Петров постои и дејствува Општинска организација на Црвениот Крст и како таква остварува определени хумани цели и задачи од областа на здравството, социјалната заштита и воспитанието врз принципите на хуманизмот и солидарноста. Се проценува дека оваа организација преку своие органи и тела во соработка со Црвениот Крст на Македонија и со другите меѓународни хуманитарни и здравствени организации е во можност да пружа потребна помош. Имајќи ги предвид досегашните искуства за ангажирањето на здравствените установи во отстранување на последиците при природни непогоди, како и нивните капацитети и можности, може да се заклучи дека истите овозможуваат успешно извршување на задачите од областа на заштитата и спасувањето на населението.

## 9. Загрозеност на растенија, животни и продукти од растително и животинско потекло

Заштитата на животните, растенијата од заразни болести, претставува приоритетна цел, имајќи го во предвид нивното значење во современите услови на живеење и се поизразената потреба од обезбедување на доволни количини квалитетна прехрана на населението.

Во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство како и во земјоделските, шумските, производните и прометните претпријатија постојано се следат состојбите и се преземаат соодветни мерки.

Целокупната дејност ја контролираат постојани и овластени ветеринарни инспектори кои го контролираат производството, прометот и транспортот на животните и производите од растително и животинско потекло.

## 10. Загрозеност од радиолошка, хемиска и биолошка контаминација и несреќи од опасни материи

Радиолошка, хемиска и биолошка заштита опфаќа мерки и средства за навремено откривање, следење и контрола на опасностите од од последиците од несреќи со опасни материи како и превземање на мерки за заштита и спасување како и отстранување на последиците од нив.

Хемиската контаминација на воздухот, водата и почвата, а со тоа и на населението и материјалните добра може да настане во редовни услови на живеење и работа, а најчести причини за тоа се:

- различни дефекти и оштетувања;
- неправилно ракување со средствата и постројките;

- несоодветна заштита на магацинските простории и резервоарите со хемиски запалливи течности;
- неконтролирано испуштање на хемиски отпад;
- неконтролирана употреба на пестициди;
- не соодветен транспорт на пестициди;
- сообраќајни несреќи и друго.

Во Градот Скопје има субјекти кои стопанисуваат со хемиски опасни материи или истите ги користат во процесот на производство, при што треба да се нагласи дека најголемиот број од нив се наоѓаат на поширокото подрачје на Градот Скопје (АД ОХИС, АД Алкалоид, АД. Техногас, АД Лафома, ОКТА, АД Макпетрол, АД Топлификација, АД Технички гасови, Цементара УСЈЕ и други). Истите, при појава на природни непогоди и техничко-технолошки несреќи преставуваат опасност за вкупното население и материјалните добра во Градот и би предизвикале сериозни последици врз здравјето на населението, животните, растенијата, материјалните добра и животната средина.

Што се однесува до степенот на загрозеност од биолошка контаминација може да се каже дека територијата на Општина Ѓорче Петров е особено загрозена, но и покрај тоа треба да се презема мерки за заштита и спасување од страна на сите субјекти, со цел да се отстранат или намалат последиците кои можат да бидат предизвикани кај населението, материјалните добра, животните и растенијата.

Мерењето на присутноста на радиоактивноста го вршат следните институции: Републичкиот завод за здравствена заштита, Ветеринарниот институт и Центарот за примена на радиоизотопи во странство.

Квалитетот на водата за пиење го следи Републичкиот завод за здравствена заштита, односно Заводот за здравствена заштита на Град Скопје, додека состојбата на отпадните води, нивната контрола на испусните места го врши Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

Загадувањето на воздухот со хемиски агенси, сулфурен двооксид ($CO_2$) прав и пепел го следи Републичкиот хидрометеоролошки завод, а Заводот за здравствена заштита врши следење и контрола на биолошките загадувања на хранителните продукти и санитарно-хигиенските услови во Градот.

Степенот на загрозеност од хемиската контаминација се зголемува во услови на природни непогоди и други несреќи, како и во услови на војна, имајќи предвид дека можат да настанат различни хаварии од помал или поголем обем, предизвикани од видот и карактерот на природната непогода, однсоно несреќа - појава на земјотрес, пожари, поплави, експлозии, поголеми сообраќајни несреќи и други видови природни и техничко-технолошки непогоди.

Исто така, подрачјето може да биде загрозено и од несреќи предизвикани од моторни возила кои превезуваат опасен хемиски состав и други опасни материи, како и при неправилно складирање на таквите опасни материи.

Со оглед на последиците кои можат да бидат предизвикани со неконтролирана употреба на РХБ средства, како во редовни услови на живеење, така и при појава на природни непогоди или војна, се наметнува потреба од систематско дејствување и превземање на мерки и активности од страна на сите надлежни субјекти во рамките на своите надлежности и делокруг на работа.

## 11. Загрозеност од воени дејства и други вонредни состојби

Имајќи ги предвид природните, воените и урбаните фактори кои имаат влијание врз загрозеноста на определен простор, подрачјето на Општина Ѓорче Петров од геостратешки аспект, има специфични и во повеќе елементи неповолни воено-стратешки карактеристики.

Во Републичката процена според степенот на загрозеност во Република Македонија се формираат четири основни загрозени зони. Општина Ѓорче Петров припаѓа во првиот основен степен на загрозеност, однсоно простори со максимален степен на загрозеност каде што припаѓа Градот Скопје со потесното и приградското подрачје. Поради тоа, во евентуална војна во Градот Скопје, односно во Општина Ѓорче Петров можат да се очекуваат следните последици:

- човечки и материјални загуби за релативно кратко време;
- разурнати значајни објекти во Општината и Градот;
- појава на пожари, поплави и други непогоди;
- отежнато спроведување на мерките за заштита и спасување;
- нарушување на севкупниот систем на организација и функционирање на заштитата и спасувањето според плановите за одбрана;
- и други последици кои ќе бидат предизвикани од воените дејствија.

Густината на населеноста претставува значаен показател при процената на опасностите од човечки жртви, а влијание врз бројот на жртвите има и времето на денот кога се случува природната непогода.

Во услови на природни непогоди и други несреќи, кога има повредени и загинати лица, од приоритетно значење е времето и брзината на превземените мерки за заштита и спасување.

Во услови на воени дејствија и други вонредни состојби, соодветно на степенот на загрозеноста, се планираат, подготвуваат и спроведуваат мерките за заштита и спасување во настанатите услови.

## 12. Загрозеност од техничко-технолошки несреќи и заштита на животната средина

Општина Ѓорче Петров е хетерогена средина од урбанистички комунален и еколошки аспект. Претставува урбано градско и рурално подрачје, со голема густина на населеност, каде има станбени, деловни и други објекти. Затоа во ваков урбан и рурален простор се создаваат сложени комунални проблеми, особено во сообраќајот и комуникациите, кои произлегуваат од оптовареноста на просторот со возила, густиот сообраќај, недоволен број на паркинг места, недоволен простор за пешаци и сл.

Мерките за заштита и спасување од техничко-технолошки катастрофи во себе содржат покрај непосредната заштита на населението и материјалните добра, и нагласена еколошка димензија, односно, заштита на животната средина.

Во рамките на Општина Ѓорче Петров се наоѓаат бројни индустриски објекти како што се: Лафома - хемиска индустрија, Техногас - тхе.гасови, Адинг - градежна индустрија, Купром и други помали индустриски капацитети. Затоа на подрачјето на Општината се јавува загадување од сулфур диоксид, јаглероден моноксид, јаглероден диоксид. Исто така, на просторот на Општината присутен е и транспорт на базно органски опасни материи, нафтени деривати кои можат да го загрозат здравјето на луѓето и да предизвикаат оштетување или уништување на животната средина.

Бројот на луѓето кои ќе бидат загрозени при несреќи од опасна материја е тешко да се процени, имајќи во предвид дека се работи за широк спектар на опасни материи, различни по вид и специфични карактеристики. Со оглед на тоа се наметнува потребата од превземање на комплексни мерки за заштита и спасување на сите нивоа од страна на сите задолжени субјекти, вклучени во системот на заштита и спасување.

Ако на сето ова се додадат и климатските прилики во Скопската котлина јасно е дека станува збор за не типично урбана средина со голем број еколошки проблеми, за таа цел, а за да се креира еколошки план за акција со кој би се барале реални ефикасни и економски решенија за еколошките проблеми во Општина Ѓорче Петров донесен е Локален еколошки акционен план чии основни цели се:

Заштитата на здравјето на луѓето, со преземање на активности за намалување на негативните влијанија, како последица на загадувањето на животната средина.

Спречување и заштита од загадување, со доследна примена на прописи, стандарди, мерки и постапки.

Институционално зајакнување на Општината и доследно спроведување на законските и други прописи.

**13. Загрозеност од поголеми сообраќајни несреќи**

Сообраќајниот систем во Република Македонија го сочинуваат: патниот, железничкиот, воздушниот, езерскиот и поштенскиот, а системот за врски го сочинуваат телекомуникациите и радио дифузниот систем.

Во Општина Ѓорче Петров сообраќајниот систем е скоро ист со исклучок на воздушниот и езерскиот.

**1. Патен сообраааќај**

Сообраќајната инфраструктура во Општина Ѓорче Петров може да се каже дека е доведена на одредено рамниште. Ова тврдење се темели на фактот што во неа има бројна сообраќајна и друга инфраструктура.

Низ централниот дел на Општината скоро по целата нејзина должина поминува улицата *Ѓорче Петров*, како магистрален пат што го поврзува Скопје и Североисточна Македонија со Западниот дел на Македонија. Исто така, изградена е и пуштена во употреба матистралната Обиколница која минува низ подрачјето од Општина Ѓорче Петров од северозападната страна покрај населбите: Ново Село, Волково, Кучково, Орман и Никиштани.

Со пуштањето во сообраќај на Обиколницата во значителна мера се растерети сообраќајот низ урбаниот дел од Општината така да транзитниот сообраќај веќе е префрлен на обиколницата.

Освен наведеното во Општината се проектирани и изградени повеќе од 100 улици и улички кои како крвоток ги поврзуваат урбаните месни заедници, стопанските субјекти, здравствените установи, училиштата и живеалиштата на граѓаните од урбаните и месните заедници со Градот Скопје и соседните општини.

Општината е поврзана со градски и приградски автобуси на ЈСП и приватни превозници. Со изградбата на улиците: Илинденска, Шарпланинска и улиците кои ќе ја поврзуваат Општината со Обиолницата ќе ја оформи на некој начин сообраќајната инфраструктура и нема повеќе Надвозникот да претставува тесно и опасно грло во сообраќајот.

Република Македонија па и Општина Ѓорче Петров многу заостанува во поглед на моторизираност, превоз на патници и стока за западно европските земји. Сегашната фактичка состојба со моторни возила, превозот на граѓани и стоки навидум ги задоволува потребите по однос на квантитетот, но не и по квалитет.

Во поглед на загрозеноста на Општината од патниот сообраќај, проценка е дека како точки на претпоставено сообраќајна загрозеност би претставувале: Обиколницата, главната улица Ѓорче Петров, улицата Лука Геров со Надвозникот на истата и делниците од улиците каде сообраќаат автобусите по одредени линии.

**2. Железнички сообраќај**

Железничкиот сообраќај во Општина Ѓорче Петров се одвива на отворени железнички линии и тоа на статични и индустриски колосеци.

Железнички линии: Скопје преку Ѓорче Петров за Кичево, Скопје преку Ѓорче Петров за Република Косово и индустрискиот колосек за потребите на *Алкалоид* - *Лафома*.

На територијата на Општината Ѓорче Петров има две железнички станици и тоа: Железничка станица Ѓорче Петров, за патнички сообраќај и Железничка станица Волково за товарен сообраќај. Овој премин е и граничен премин за споменатиот сообраќај. Железничките со патните премини воглавном се обезбедени со тохнички рампи со исклучок на рампата Ѓорче Петров - Кондово.

Ваквиот вид на железнички сообраќај во однос на загрозеноста на граѓаните и добрата од општината, можат да бидат со железнички сообраќајни незгоди, истекување на хемикалии во вагоните, предизвикување на пожари и пренесување на болести преку транспортот на стоката што се превезува.

**3. Поштенски сообраќај**

Поштенскиот сообраќај во Општината е организиран со две пошти и тоа:

- примарна во Ѓорче Петров и
- подрачна во Волково

До и од споменатите пошти сообраќајот е со патнички превозни средства.

Низ Општината поминуваат и поштенските водови за потребите на општините од западниот дел на Република Македонија.

Несреќите во сообраќајот може да настанат од најразлични причини, а во зависност од видот и карактерот на несреќата може да бидат предизвикани последици кај населението и материјалните добра.

Најголема опасност за настанување на сообраќајни несреќи има во патничкиот и железничкиот сообраќај и тоа како во редовни услови, така и при појава на природни непогоди и техничко-технолошки несреќи.

Најкарактеристични причини за големи сообраќајни несреќи се:

- постоење на црни точки во патниот и железничкиот сообраќај;
- транспорт на опасни материи;
- појава на одрони и свлекување на земјиштето;
- поплави на коловозите и железничките линии,
- снежни наноси и појава на лавини и др.

Овие состојби може да бидат причина за загрозување на сообраќајот во Општината, која никако не може да ја окарактеризираме како имуна на

наведените причини, но за нив поконкретно ќе се образложи во планот за таа цел.

### 14. Процена на бројот на настрадани лица

Примарна цел во услови на природни непогоди и други несреќи претставува превентивната заштита на населението и материјалните добра, односно прифаќање, заштита и медицински третман на населението кое останало без основни услови за живот или е повредено и трауматизирано со настанување на природната непогода.

Процената за бројот на повредените и загинатите зависи од низа фактори меѓу кои најрелевантни се:

- густина на населеност и распоредување на населението во однос на жариштето или реонот на максималните ефекти на природната непогода;
- карактерот и видот на приодната непогода;
- видот и степенот на повредливост на објектите;
- брзината на оштетувањето и слично.

Оштетувањата во услови на природни непогоди и други несреќи најчесто се неочекувани и според временската димензија многу брзи, така што населението е се уште во објектите кога настануваат нивните оштетувања, делумни и целосни уривања што е основна причина за голем број на разни видови на повреди и зголемена смртност.

Во зависност од степенот на предизвиканите оштетувања кај населението се појавува состојба на незгриженост и состојба на повреди и смртност.

Густината на населението е битна за процена на ризикот од човечки жртви, како и периодот од денот во кој се случила природната непогода.

Во услови на поголем број на повредени и загинати лица се спроведува стандардна тријажна категоризација според степенот и видот на повредените.

Времето е исто така значаен фактор и често од брзината на презeмените марки зависи бројот на повредени, односно загинати лица.

## IV. МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ

1. Обезбедување јавен ред и мир во загрозено подрачје;
2. Евакуација;
3. Засолнување;
4. Згрижување на настраданото и загрозено население;
5. Спасување од урнатини;
6. Заштита и спасување од поплави и уривање на брани;
7. Радиолошка, хемиска и биолошка заштита;
8. Заштита и спасување од пожари;
9. Прва медицинска помош;
10. Заштита од неексплодирани убојни средства;
11. Асанација на теренот;
12. Заштита и спасување на растенија, животни и продукти од растително и животинско потекло;
13. Заштита на животната средина.

**1.Обезбедување јавен ред и мир во загрозено подрачје**

Мора уште во почетокот да се каже дека јавниот ред и мир на загрозено подрачје тешко се остварува, но мора затоа што е неопходност во дадената ситуација.

Ефектот и брзината за безбедносно дејствување на полицијата како најповикана за воспоставување на јавнито ред и мир ќе зависи во прв ред од тоа колкав дел е зафатен од територијата на државата со непогодата или колкав дел од општинската територија е зафатена со соодветната непогода или несреќа.

Доколку е зафатена целата територија на државата, тогаш тешко може да се претпостави дека за кратко време ќе се воспоставува редот и мирот, затоа што и силите за воспоставувањето на редот и мирот со средствата што треба да го чинат тоа, ќе бидат зафатени со загрозеноста или несреќата па од таму ќе им треба и на нив време да се организираат и консолидираат.

Полесно ќе биде и за органите кои ќе бидат задолжени за остварувањето на јавниот ред и мир, доколку е зафатена со непогодата само дел или делови од територијата, односно општината. Во таква ситуација поголема е веројатноста силите што треба да го работат тоа, брзо да се престројат и прилагодат и да отпочнат со работа што значи ќе биде подобро и за граѓаните и за заштита на нивниот имот.

Времето и брзината на поминување од една работна во друга состојба е од големо значење во новонастанатата ситуација, но за секој случај брзината има голем удел во навременото организирање и сообразување на работите од работа во оптимални услови во поминување со работа во тешки и сложени услови.

Во зафатеност на територијата од државата или општината со непогоди или несреќи веднаш допринесува кај граѓаните страшни психолошка траума, бидејќи се стравува за својот живот, животот на најблиските и за имотот, а со тоа и со целосниот дизбаланс во самите нив. Ова затоа што веднаш се наоѓа човекот како битие во друг свет, околности опкружен со разни неволји.

При вакви ситуации како и да е мора да има организираност, координираност и зафаќање со работа во која ќе има максимален труд и напор.

Во една таква претпоставена ситуација најголем непријател кај населението е паниката, стравот и ужасот кој ќе ја усложнува работата на безбедносните сили, а од друга страна карактерот на личностите ќе доаѓа до израз. Па така најдрските, безобзирните и *најхрабрите* ќе настојуваат дадената ситуација ја искористат и материјализираат. Ова е уште додатен проблем во воспоставување на редот и мирот, во соодветното подрачје или територија.

Без оглед на предното безбедноста е таа која мора брзо да се самоорганизира и помине на работа во новонастанатите состојби и тоа самостојно, со поддршка на другите наменски организирани сили и со поддршка на граѓаните.

Безбедноста мора и должна е да создава предуслови за нормализирање на состојбата, а особено:

- спроведување на мерки на безбедност на зафатената територија од Општината;
- целосно безбедносно покривање на Општината;
- обезбедувањена објектите и просторот од значење за Општината;
- обезбедување на местата и квартовите зафатени со урнатини;

- создавање предуслови и помагање во вршењето на мобилизацијата на силите за заштита и нивно натамошно помагање;
- сообраќајно безбедносни мерки;
- обезбедување на лицата што се во збег;
- обезбедување на материјалните добра што се извлекуваат од загрозеното подрачје;
- спречување на тепачки во загрозеното место или таму каде се засолнети граѓаните;
- спречување на вршење криминирани дела - кражби, разбојништва и други форми на инкриминирачки дејствија.

Од напред изложеното очигледно е дека обезбедувањето на јавниот ред и мир ќе биде исклучително тешка работа да се спроведе во околности на загрозено подрачје од природни непогоди и други несреќи во услови на паника, ужас, страв и стресни ситуации, каде граѓаните ги губат своите најблиски или пак материјалните добра и другите вредности воопшто.

**2.Евакуација**

Евакуацијата како мерка за заштита и спасување, претставува планско, организирано и привремено преместување на населението и материјалните добра од подрачјето за кое се проценува дека може да биде зафатено од природни непогоди и други несреќи, на незагрозено или помалку загрозено подрачје, однсоно во релативно побезбедни простори и околности.

Евакуацијата претставува мошне комплексна мерка за заштита и спасување и како таква се планира, организира и спроведува во услови кога со другите мерки за заштита и спасување не може да се обезбеди соодветен степен на заштита на луѓето и материјалните добра.

Евакуацијата ќе се врши од урбаните заедници или одредени реони кои можат да бидат зафатени од природни и други несреќи во простор и населби и поширокото подрачје на Градот кои се утврдуваат со планот за спроведувае на евакуацијата на населението на Општината, а во соработка со другите општини и Градот Скопје.

За профат на ова население треба да се предвидат објекти кои можат да овозможат нормално одвивање на животот на евакуираните лица и задоволување на животните потреби.

Имајќи ја предвид загрозеноста на подрачјето на Општина Ѓорче Петров од природни непоигоди и други несреќи, видот и карактерот на опасностите, како последиците кои можат да бидат предизвикани во тие услови, се наметнува потребата од планирање, организирање и спроведување на евакуација на населението и тоа пред се на следните категории на граѓани:

- бремени жени и мајки со деца до 7 години;
- деца и ученици до 14 години;
- инвалиди, стари, болни и изнемоштени лица.

Врз основа на горе изнесеното се проценува дека во Општина Ѓорче Петров на евакуација ќе подлежат околу една четвртина од вкупниот број на население или околу 10.000 лица.

Евакуацијата во начело треба да се планира за населението од подрачјата кои можат да бидат загрозени од природни непогоди од поголеми размери (земјотреси, поплави, пожари, урнатини, РХБ контаминации и сл.) При изработка на плановите за успешна евакуација ќе бидат утврдени конкретните потребни податоци, а особено за:

- вкупнот број на граѓани предвидени за евакуација со утврдување на соодветни приоритети;
- територијата која е загрозена од појава на природни непогоди, видови на опасности и последици кои можат да бидат предизвикани;
- да се определат места и објекти за прифат на евакуираните лица, со обработка на податоците за: бројот на објекти за сместување; обезбеденост со вода за пиење и употреба; можност за исхрана, здравствена заштита; продолжување на процесот на образование на децата од училишна возраст; патна инфраструктура и оддалеченост; начинот на евакуација, безбедноста на евакуираните лица; соработка со другите институции и субјекти вклучени во евакуацијата на населението и сл.

За успешно извршување на евакуацијата потребно е да се ангажираат сите надлежни субјекти од различни области, особено комуналните и транспортните претпријатија, претпријатијата за снабдување како и хуманитарните и невладини организации.

**3.Засолнување**

Засолнувањето опфаќа планирање, изградба, одржување и корисење на засолништата и други заштитни објекти, како и засолнување на населението и материјалните добра. Потребите на објекти за засолнување се планираат според прописите за просторно и урбанистичко планирање и се градат според местото на живеење, местото на работа и јавни места како јавни засолништа.

Засолнувањето на населението и материјалните добра во Општина Ѓорче Петров се организира и спроведува во засолништата во ново изградеите (станбени, деловни и др.) објекти, прилагодување на постоечките погодни објекти (простории) за засолнување, планирање на изградба на заштитни објекти (рововски засолништа и засолни).

Бидејќи за дел од населението не ќе може да се обезбеди засолнување во засолништа со соодветен степен на заштита, треба да се превземат соодветни мерки и активности за изградба на заштитни објекти (рововски засолништа и засолни за дополнителна заштита).

Во одделни делови на Општината со густо населени површини и недоволен број на засолништа треба да се планира преместување на населението од загрозено во помалку загрозено подрачје во Општината, однсоно поширокото градско подрачје.

Во Планот на Општината за мерката засолнување ќе бидат утврдени локациите, капацитетите и начинот на користење на секое засолниште, за секоја урбана заедници посебно.

Засолнувањето на материјалните добра се разрешува посебно во рамките на претпријатијата, јавните установи и служби.

Сите претпријатија, јавни установи и служби ги спроведуваат мерките за засолнување во сообразност со сопствените потреби и услови за заштита на луѓето и материјалните добра и обезбедуваат минимум средства за лична и колективна заштита.

Во рамките на активностите за организирање и спроведување на мерката засолнување се превземаат и следните задачи:

- проверка на исправноста на засолништата;
- проверка на списоците на граѓаните за користење, престој и напуштање на засолништа;

- определување на екипа одговорна за начинот на користење, престој и напуштање на засолниште;
- утврдување правци на движење кон засолништата и
- запознавање на населението со знаците за тревожење во случај на опасности од природни непогоди и други несреќи и постапките на населението во сите ситуации.

Ако нема поголеми разурнување аи други опасности граѓаните ги напуштаат засолништата и другите безбедни места, се враќаат во своите домови и на работните места и се вклучуваат во акциите за заштита и спасувае кои ги спроведуваат единиците за заштита и спасување.

**4.Згрижување на настраданото и загрозено население**

Со оглед на фактот дека Општина Ѓорче Петров е загрозена од различни видови природни непогоди и други несреќи од поголем обем кои може да предизвикаат сериозни последици врз населението, се наметнува потребата од преземање на мерки и активности за згрижување на настраданото и загрозеното население.

Градот Скопје располага со голем број на објекти во јавна употреба, особено во урбаните средини (хотели, училишта, домови и сл.) кои можат да се користат за сместувае, исхрана и здравствено згрижување на настраданото и загрозеното население и истите со сите показатели треба да бидат евидентирани и на соодветен начин обработени во планските документи.

Природните непогоди, покрај директните последици врз населението и материјалните добра, во голема мера го нарушуваат нормалното одвивање на животот на подрачјето на која има таква појава (земјотрес, поплава, пожар, свлекување на земјиштето и друго) и заради тоа потребно е да се преземат сеопфатни мерки за заштита и спасувае од страна на сите задолжени субјекти кои и во однос на обезбедување на квалитетна вода за пиење и употреба, медицинска заштита, спречување на појавата на заразни болести и епидемии, социјална заштита и слично.

Густината на населеност и времето во денот кога се случува непогодата претставува значаен показател при процената на опасностите од човекови жртви.

Населениетои зафатено со природна непогода е изложжено на различни повреди по вид и степен на повредување, а има и одреден број жртви.

Во тие услови се спроведува стандардна триажна категоризација на повредените. Лицата што имаат сериозни повреди се транспортираат до медицинските установи на полесно повредените лица им се укажува прва медицинска помош и се упатуваат на домашна нега, додека лицата кои што не настрадале помагаат во спасувањето на повредените и настраданите.

Во услови на природни непогоди и други несреќи, кога има појава на повредени и загинати лица, од приоритетно значење е времето и често пати од брзината на преземените мерки зависи и бројот на повредени, односно загинати лица.

Процената за бројот на повредени и загинати зависи од низа фактори, меѓу кои најрелевантни се: густина на населеност, карактерот и видот на природната непогода, видот и степенот на повредливост на објектите, брзината на оштетувањето и слично.

Во рамките на оваа мерка за заштита и спасување, потребно е:

- да се процени можниот број на настраданото и загрозеното население врз основа на видот, карактерот и интензитетот на природните непогоди, како и последиците предизвикани од истите;
- да се утврдат подрачјата и реоните каде во зависност од видот на природната непогода би имало најголем број на настрадани и загрозени;
- да се определат реоните за прифат на настраданите и загрозените;
- начинот на пронаоѓање и давање прва помош на повредените лица;
- да се определат објектите за сместување, како и обезбедување на исхрана и други услови за живеење.

Во спроведувањето на мерките и активностите околу загрижувањето на настраданото и загрозеното население во услови на природни непогоди и други нсреќи значајно место и улога имаат органите и институциите во Републиката кои согласно нивните надлежности и делокруг на работа се вклучени во таа проблематика (Министерствата за: здравство, труд и социјална политика, образование, локална самоуправа, како и Организацијата на Црвениот Крст, туристичките и угостителските претпријатија и други).

Особено значајна улога во реализирање на оваа мерка за заштита има Министерството за внатрешни работи, однсоно Секретаријатот за внатрешни работи на Скопје кој ги спроведува потребните мерки на јавниот ред и мир и безбедноста на загрозените подрачја за време на природните непогоди и други поголеми несреќи, а особено се грижи за обезбедување на местата каде што е настаната непогодата. особена улога во спроведување на овие задачи има Полициската станица од општа надлежност на Ѓорче Петров.

При природни непогоди во Градот и Општината настанува посебен режим на сообраќајот и затоа Полициската станица за безбедност на патниот сообраќај на Скопје своите активности ги прилагодува во укажување на помош на загрозените и во одстранувањето на последиците.

Заради континуирано и ефикасно извршување на горенаведените мерки и активности Регионалниот центар за Скопје работи 24 часа секој ден во неделата и е воспоставен единствен коуникациско информативен систем со единствен број на повик-јавувања (195).

Во случај на природни непогоди и други несреќи одреден број на објекти ќе бидат уништени, а населението ќе остане без најнеопходните услови за живот, односно ќе дојде до евентуално пореметување во снабдувањето на населението со неопходните прехранбени и други продукти.

Во оваа област особено е значајна координацијата на надлежните органи заради воспоставување соработка со производните, прометните и услужните претпријатија заради обезбедување на најнеопходните средства за живот (храна, облека, постелнина и др.)

### 5.Спасување од урнатини

Во Република Македонија постои висок степен на загрозеност од урнатини, а со тоа и во Градот Скопје и Општината Ѓорче Петров.

Регионот на Македонија, каде во пошироката лоцираност спаѓа Градот Скопје и Општина Ѓорче Петров е исклучително богата со голем број на раседи со потенцијална можност да предизвикаат земјотреси со поголема магнитуда, однсоно земјотреси со 9 степени по Меркалиевата скала.

Од сето ова може да се заклучи дека во Општина Ѓорче Петров има делови со густа градба и високи објекти и поради густината и височината на објектите и други урбани карактеристики мора да има доследно придржување

на урбанистички мерки и прописи за градење на објекти во активни трустни подрачја.

Се проценува дека во перманентната заштита спаѓаат и проучувањето на сеизмичноста, издвојување на зони со поголема потенцијална опасност, односно изработка студија за повaредливоста на одредени зони и групации и друго.

Од податоците дадени во Републкиката, Проценка за загрозеност од природни непогоди и други несреќи, се гледа дека подрачјето на Општина Ѓорче Петров се наоѓа во активно сеизмичко подрачје.

Општината во наредниот период потребно е да ги преземе следните мерки и активности:

- урбанистичко и регионално планирање, вклучувајќи ги и асеизмичкото проектирање и градење на објектите;
- во услови на планирана заштита посебно внимание треба да се обрне на комуникациите од сите аспекти: сообраќајни, телефонско-телеграфски и радио комуникациски и други.

Од посебен интерес е да се истакне дека при проектирањето и планирањето да се води сметка за стратешки важните објекти како што се: болници, училишта, административни и други објекти, комуникациски центри и други за кои е потребен поголем степен на заштита:

- градење на сеизмички активни објекти врз основа на современите сознанја и со употреба на современи начини на градење и проектирање за да се обезбеди потребното ниво на жилавост и поволните перформанси на конструкциите за динамичките сеизмички дејства;
- рехабилитација, однсно санација и зајакнување на постојните објекти (посебно на стари згради, незајакнати објекти и други објекти) кои имаат доволна сеизмичка отпорност и особини на потребната жилавост за одредбеното пробиластичко ниво на повредливост;
- при изградба на објектите преку градежната инспекција да се обезбеди почитување на градежно техничките мерки и норми за асеизмичка изградба;
- при изработка на просторните и урбанистичките планови да се вградуваат елементи за заштита и спасување од земјотрес.

Во спроведувањето на оперативните мерки за заштита и спасување од урнатини и справување со опасностите и настанатите последици, учествуваат сите надлежни субјекти од различни области (градежништво, комунални дејности, транспорт, здравствена заштита, противпожарна заштита, угостителство, образование и други) со ангажирање на персоналните и материјално-техничките ресурси со кои располагаат. Во зависност од опасностите и предизвиканите последици во оперативните мерки и активности може да се вклучат и хуманитарните здруженија и невладини организации.

**6. Заштита и спасување од поплави и од уривање на високи брани**

**а) Поплави**

Согласни Процената за загрозеност од поплави и уривање на високи брани потребно е да се преземат следните задачи и активности:

- редовно одржување на речните корита и одвоените канали;
- чистење на нанос и отстранување на прекумерна развиена вегетација;
- проверка на оштетувањата на облогите на регулациите;

- забрана за фрлање на Ѓубре, шут и отпадоци во коритата на реките;
- да се спречат неконтролирани ископи и користење на песок и чакал од речните корита;

Јавните претпријатија и организации, а особено Водовод и Канализација, Електростопанство, Телекомуникации и други треба да имаат свои согледувања за отежнатите услови на функционирање на нивните инсталации и уреди во услови на поплави и да ги дефинираат однапред критичните места и да утврдат соодветни решенија и мерки кои ќе се превземаат од нивна страна како алтернативни решенија и слично.

Прогласувањето на поедини фази за заштита и спасување од поплави се условува од големината на протокот на реките Вардар, Треска и Лепенец и е во зависност од степенот на опасноста, која е дефинирана во процената на загрозеност од поплави.

Општината во сите четири степени воведува дежурство, ја следи состојбата и донесува соодветни решенија.

Во четвртата фаза на одбрана од поплави се врши евакуација од загрозеното подрачје.

За евакуацијата да биде успешно извршена потребно е преземање и на превентивни мерки како што е: запознавање на населението со звучниот сигнал за опасност од елемнтарни непогоди преку Регионалниот центар за управување со кризи и Градот и средствата за јавни информирање како и запознавање на граѓаните со правците на движење при евакуацијата и реонот во кој треба да се евакуираат.

Во Планот на Општината за мерката заштита од поплави ќе бидат утврдени правците на движење на граѓаните, собирните места и местата за евакуацијата за секоја урбана и месна заедница посебно.

Во случај на евентуална поплава се предвидуваат да се превземат и следниве оперативни мерки и задачи:

- постојано дежурство и контрола на водената стихија;
- снабдување на настраданото население со прехранбени артикли;
- превземање мерки за евентуални потреби за ангажирање на дополнителни интервенции, сили, алат, средства, механизација и друго со цел брзо санирање на настанатите состојби;
- барање помош од претпријатија, организации и од соседните општини ако тоа го наложува ситуацијата на теренот.

По завршувањето на активностите за заштита и спасување од поплави, односно по престанокот на опасноста од поплави сите надлежни субјекти пристапуваат кон отстранување на последиците од предизвиканата поплава и тоа:

- формирање на Комисија за процена на штетите и последиците;
- во зависност од настанатите последици од поплавите се преземаат мерки за санација на подрачјето, давање неопходна помош на настраданото население, како и спроведување на здравствено и хигиено-епидемиолошки мерки и др.

**б)Уривање на високи брани**

Имајќи ги предвид наведените податоци во процената за загрозеноста на населението и материјалните добра во загрозеното подрачје во случај на ненадејно уривање на високите брани, може да се очекуваат катастрофални последици во загубите на човечки животи и нанесување на големи материјални штети низводно во зоната на плавниот талас и во урбаниот дел на Градот Скопје, односно и во Општината Ѓорче Петров.

Сите предвидени превентивни и оперативни мерки кои се однесуваат за заштита од поплави се превземаат и во случај на уривање на високи брани, а евакуацијата на населението се врши по истата постапка предвидена за евакуација во случај на поплави.

Меѓутоа, за успешно преземање и спроведување на превентивните и оперативни мерки за заштита од поплави, при уривање на високи брани од особена важност и значење се мерките и задачите кои треба да ги преземат и спроведуваат организациите кои стопанисуваат со браните, кои особено се однесуваат на:

- благовремено откривање на опасностите за ненадејно рушење на високи брани;
- навремено и точно информриање на надлежните органи за состојбата на објектот и безбедноста на неговото користење;
- навремено известување и тревожење на населението во загрозените места низводно од браната во случај на ненадејно рушење на браната;
- како и сите други мерки и задачи кои согласно законските прописи треба да ги презема овластената организација.

### 7. Радиолошка, хемиска и биолошка заштита и акциденти со опасни материи

Радиолошката, хемиската и биолошката заштита претставува превземање на мерки и активности заради спречување, ублажување и одстранување на последиците од радиолошки, хемиски и биолошки агенси врз населението и материјалните добра во услови на природни непогоди и техничко-технолошки несреќи.

Најефикасен облик на заштита од РХБ агенси како и акциденти со опасни материи претставуваат засолништата, кои покрај тоа што обезбедуваат висок степен на заштита, овозможуваат и подолготраен престој.

Превентивните мерки за заштита од опасните материи најчесто се применуваат преку:

- функционирање на разни автоматски системи за откривање, јавување и следење на условите на непосредна опасност или во услови на веќе настанат ацидент;
- доследно применување на законските прописи при производство, ускладиштување и транспорт на отровните и експлозивните материи;
- редовна техничка контрола на исправноста на постројките и апаратите во кои се чуваат или преработуваат опасните материи;
- во процесот на производство, транспорт и манипулацијата со опасните материи да се обезбеди крајно дисциплиниран однос кон работата и ракувањето со отровните и експлозивните материи;
- преземање активности за обучување на населението во околината на хемиската индустрија со цел да се запознаат со карактерот на евентуалната загаденост на воздухот и водата и со примена на заштитните мерки;
- во случај на настанат акцидентни појави во одделни претпријатија од помали размери службата во претпријатијата за заштита и спасување и др. надлежни органи преземаат итни оперативни мерки да се спречи натамошно ширење на појавата и да одстранат настанатите последици;
- ако нстанатата појава е од поголеми размери тогаш итно се ангажираат стручните организации и органи во Градот за укажување на прва

медицинска помош, спасување на повредените лица, згрижување на настраданите и целосно отстранување на последиците.

**1.Заштита и спасување од пожари**

Врз основа на проценката на загрозеност и повредливост на подрачјето на Општината, општа е оценката дека во случај на војна или елементарни непогоди можат да бидат предизвикани пожари од широки размери.

Мерките за заштита од пожари опфаќаат отстранување на причините за настанување на пожари, нивно навремено откривање, спречување на ширење и гасење на поижар, како и давање на помош при отстранување на последиците предизвикани од пожар, односоно преземање на превентивни и оперативни мерки за заштита и спасување од пожари.

Под превентивни мерки се подразбира доследна примена на законските акти кои ја регулираат заштитата и спасувањето од пожари, формирање сили за заштита и спасување во Општината, спроведување едукативни активности за оспособување на субјектите и граѓаните за заштита од пожари, како и јавна афирмација на овие активности преку јавните гласила, весници и други форми. Во тој правец, особено значајни се:

- контрола на примената на техничките и другите нормативи за превентивна ПП заштита во областа на урбаното планирање, градежништвото и технолошките процеси, а особено во органите на Општината задолжени за областа на планирањето и урбанизмот;
- контрола на примената на посебните мерки за заштита од пожари во организациите, објектите во кои што се произведуваат, преработуваат, користат и складираат запалливи течности, запалливи гасови и експлозивни материи, однсоно одржување на соодветните и исправни уреди и инсталации за заштита од пожари и потребна ПП опрема за гасење пожари;
- ЈП *Водовод и Канализација* е должна да обезбеди улична хидрантска мрежа која треба да ја одржува и да врши контрола на проточниот капацитет и притисок на водата, а треба да има План за подрачјето на Општината во кој треба да се вцртани местата на хидрантите и вентилите, водовите на хидрантската мрежа со ознаки на профилите и капацитетот;
- спроведување на обврската за постоење на пожарен куќен ред во станбените, деловните и индустриските објекти кои не изготвуваат план за заштита и спасување од пожар;
- обука и запознавање на граѓаните со опасностите од пожар и со мерките за заштита и спасување од пожар, како и со одговорноста за непридржување кон пропишаните мерки за заштита од пожар;
- во станбените, деловните згради и јавните објекти да се избегнува корисење и чување на запалливи течности, и гасови и да се обезбедат патиштата за евакуација, однсоно да се отстранат пречките кон и на противпожарните скали;
- Советот на Општината најмалку еднаш годишно да ја разгледува состојбата на заштитата од пожари и остварувањето на задачите за заштита од пожари;
- претпријатијата, јавните установи и службите должни се најмалку еднаш годишно да ја разгледуваат состојбата за заштита од пожар и да преземаат потребни мерки за најзино подобрување. Воедно тие се должни да ја одржуваат во исправна состојба својата хидрантско-противпожарна и водоводна мрежа;

- обезбедување на доволни количини и непрекинато снабдување со вода е битен услов за успешно гасење на пожари. За гасење на пожари во Општината ќе се користат водите од: градската водоводна мрежа, реката Вардар, посебни водови и бунари како и води и извори кои им припаѓаат на граѓаните и правните лица.

Активностите за спроведување на превентивните мерки ги извршуваат надлежните органи во Општината, инспекторите за заштита од пожар, Општинскиот ПП Сојуз како и надлежните органи во претпријатијата, трговските друштва, јавните установи и служби.

Задолжените субјекти во Општината и Градот за спроведување на заштита и спасување од пожари во рамките на оперативните функции спроведуваат активности и мерки откако надлежен орган ќе утврди и извести за постоење на можност за настанување на пожар. Во таков случај надлежните и одговорни лица во задолжителните субјекти ја зголемуваат готовноста за спроведување на заштитата и спасувањето од пожари.

Во зависност од видот и местото на настанување на пожарот, за време траење на опасноста, задолжените субјекти за спроведувањето на заштитата и спасувањето ги спроведуваат следните активности од пожари.

Во зависност од видот и местото на настанување на пожарот, за време траење на опасноста, задолжените субјекти за спроведувањето на заштитата и спасувањето ги спроведуваат следните активности и мерки:

- Општината преку своите органи (советот на Општината, Градоначалникот, Штабот за заштита и спасување и соодветните служби и органи), учествуваат во спроведувањето и заштитата и спасување од пожари со Противпожарни единици за гасење според утврден начин за нивно ангажирање;
- гасењето на пожарите и спасувањето на луѓето и имото се спроведува со организирана акција на противпожарните единици. Постапката за гасење на пожар ја опфаќа севкупната активност на противпожарните единици од моментот на добивањето на известувањето за настанувањето на пожарот, излегувањето на интервенцијата, во текот на акцијата за гасење и спасување па се до враќањето во седиштето;
- по правило при помали и средни пожари ќе интервенираат силите на чија локација е настанат пожарот, како и единицата на доброволното противпожарно друштво, кое дејствува на одредената локација;
- во услови на пожари од големи размери, особено на пожари на шум и други отворени простори кои неможат да се изгаснат од срана на Територијалната противпожарна единица и правните субјекти што стопанисуваат со тие површини, тогаш се ангажираат просторните сили за заштита и спасување на Општината, Ако и овие сили за заштита и спасување не можат да го изгаснат пожарот тогаш по барање на Градоначалникот на Општината се употребуваат републичките сили за заштита и спасување;
- во зависност од наведените елементи за видот на пожарот и последиците од него се спроведува евакуација и згрижување на населението и материјалните добра, согласно Планот за евакуација на Општината.
- во спроведување на овие оперативни мерки, а заради одржување на јавниот ред и мир, давањето прва помош, прифат и лекување, се вклучуваат одредени служби и органи на Министерствата кои се за тоа надлежни или имаат обврски од област ана заштитата и спасувањето;
- особено значајна мерка во спроведувањето на заштитата и спасувањето од пожари е силите за заштита и спасување првенствено

да се употребуваат за спречување на ширењето и гасењето на пожарот.

По завршувањето на активностите и мерките за заштита и спасување, однсоно по локализирање на појавените пожари задолжителните субјекти пристапуваат кон отстранување на последиците предизвикани од пожарите и тоа:

- формирање на комисија за процена на штетите и последиците;
- во зависност од настанатите последици од пожарот се преземаат мерки за санација на подрачјето, давање неопходна помош на настраданото население, како и спроведување на здравствени хигиено-епидемиолошки мерки.

Овие мерки и активности ги реализираат: претпријатијата, јавните установи и служби, Општината, како и соодветните служби и органи кои со законски акти се задолжени за спроведување на овие задачи.

**2.Прва медицинска помош**

Со оглед на отежнатите услови за живот и работа во услови на природни непогоди и други несреќи, а заради заштита и спасување на населението, потребно е од сите задолжени субјекти да се преземат следните мерки и активности:

- спречување на појавата на масовни заразни заболувања;
- Републичкиот завод за здравствена заштита и Дирекцијата за храна, во соработка со јавните комунални претпријатија, потребно е да вршат засилена контрола на исправноста и безбедноста на водата за пиење, како и заштитата на здравјето на населението;
- Државниот санитарен и здравствен инспекторат, редовно да превземаат санитарно-хигиенски и противепидемски мерки;
- Посебни превентивни мерки се превземаат од ветеринарната инспекција која врши контрола на животните и производите од животинско потекло. Исто така санитарната инспекција врши редовна контрола на прехранбените производи кои се наоѓаат во производство и промет на подрачјето на Градот и Општината;
- Републичкиот завод за трансфузиологија во соработка со организацијата на Црвениот крст се грижи за спроведување на акциите и програмата за обезбедување на доброволно дарување на крв, како и создавање услови за чување одредени количества на крв и крвна плазма кои се неопходни;
- во случај на повреди на луѓето од било кои природни непогоди особено при масовни несреќи Службата за итна медицинска помош сите расположиви сили и средства ги насочуваат кон спасување на повредените лица. Здравствените организации во Градот, особено Градската болница, ЈЗУ Клиники - Скопје и воената болница при природни непогоди работат во зголемен обем и создаваат услови да се укаже потребна медицинска помош;
- заради спречување на појава на заразни болести и епидемии на подрачјето на Општината се преземаат соодветни превентивни мерки од надлежните органи за масовно здравствено просветување на населението;
- во Заводот за здравствена заштита на Град Скопје е формирана хигиено-епидемиолошка служба во која посебно има стручни одделенија и тоа микробиолошка лабораторија, Одделение за хигиена

и епидемиолошко одделение, кои своите активности ќе ги насочи во сите средини во Општината;
- во рамките на Заводот за здравствена заштита на Град Скопје работи станица за дезинфекција, дезинсекција и дератизација која има задача да ја реализира посебната програма за превентивна дезинфекција, дезинсекција и дератизација на целото подрачје на Градот;
- посебни превентивни мерки се превземаат од ветеринарната инспекција која врши контрола на животните и производите од животинско потекло. Исто така Дирекцијата за храна врши редовна контрола на прехранбените производи кои се наоѓаат во производство и промет на подрачјето на Градот и Општината;
- на местата каде се појавени заразни заболувања или каде се случени вонредни состојби, Заводот за здравствена заштита како единствена организација во случај на појава на вонредни состојби ја врши организацијата и го спроведува вакцинирањето на населението заради негова заштита од појава и ширење на заразни болести. При тоа се формира посебен стручен штаб за карантински болести кој ја следи состојбата и дава известување на органите во општините и Градот и на населението. При отстранувањето на последиците од вонредните состојби од пошироки размери и со комбинација на повеќе појави известувањата на населението се упатства за превземените мерки и активности.
- Примарна цел во услови на природни непогоди и други несреќи претставува заштита на населението и материјалните добра, однсоно прифаќање, заштита и медицински третман на населението кое останало без основни услови за живот или е повредено или трауматизирано со настанување на природната непогода.

**3.Заштита на неексплодирани убојни средства**

Заштитата од неексплодирани убојни средства во мир, организира Дирекцијата за заштита и спасување која редовно ги собира пронајдените неексплодирани убојни средства, врши нивно пренесување во посебни објекти за чување и ги уништува согласно Правилникот за пронаоѓање, уништување на неексплодирани убојни средства.

**4.Асанација на теренот**

Асанација на теренот е збир на мерки што се преземаат, а кои се во директна зависност од видот и обемот на природната непогода, но генерално треба да се преземат мерки и активности за:
- спречување на појава на заразни заболувања кај населението;
- пронаоѓање, собирање, идентификација, транспорт и погреб на загинати и умрени лица;
- обезбедување исправна вода за пиење и употреба;
- пронаоѓање и закоп на загинати животни;
- чистење на теренот од разни глодари и инсекти;
- отстранување на отпадни и други опасни материи;
- дезинфекција, дезинсекција и дератизација на теренот и објектите;
- асанација на објекти за водоснабдување;
- спроведување на санитарно-хигиенски мерки;
- други мерки и активности во зависност од состојба на теренот.

За спроведување на оваа мерка во плановите се утврдуваат локациски места за собирање и погреб на лица и закопување на животни, здравствените и други организации кои учествуваат во асанацијата.

**5.Заштита и спасување на растенија, животни и продукти од растително и животинско потекло**

Поаѓајќи од фактот дека Општина Ѓорче Петров не е чисто урбана градска општина може да се констатира дека проблемите од оваа област ќе бидат присутни кај претпријатијата и разните трговски друштва и организации кои се занимаваат со оваа дејност или вршат производство и промет на овие производи или продукти. Овие организации согласно законските прописи се должни да превземаат соодветни мерки.

Целокупната дејност ја контролираат постојани и овластени ветеринарни инспектори кои го контролираат производството, прометот и транспортот на животните и производите од растително и животинско потекло.

**6.Заштита на животната средина**

Заради постигнување на целосна заштита на луѓето, материјалните добра и животната средина потребно е преземање на превентивни мерки, а особено на:

- мерки кои се преземаат во одржувањето на опремата и инсталациите заради сигурно користење на опасни материјали во технолошките процеси и одбегнување на технолошки катастрофи;
- мерки кои треба да обезбедат ограничување на емисијата како последица од пожар, експложија или ослободување на хемикалии, што може да се случи во околности на поголеми индустриски акциденти;
- мерки кои се превземаат за заштита на животната средина во смисол на ограничување на ефектите од емисијата на опасни материи или последици од пожар и експлозии.

Ако на сето ова се додадат и климатските прилики во Скопската котлина јасно е дека станува збор за типично урбана средина со голем број еколошки проблеми, за таа цел, а за да се креира еколошки план за акција со кој би се барале реални ефикасни и економски решенија за еколошките проблеми и еколошки акционен план чии основни цели се:

- заштита на здравјето на луѓето, со превземање на активности за намалување на негативните влијанија, како последица на загадувањето на животната средина;
- спречување и заштита од загадување, со доследна примена на прописи, стандарди, мерки и постапки;
- институционално зајакнување на Општината и доследно спроведување на законските и други прописи.

Поаѓајќи од напред изложеното за карактерот и физиономијата на природните непогоди и други несреќи, обемот и видот на последиците што можат да бидат предизвикани на подрачјето на Општината, а со цел да се намалат последиците и успешно да се дејствува во новосоздадените услови неопходно е да се организира и подготви заштита и спасувањето со сите нејзини елементи за да се обезбеди заштита на луѓето, материјалните и други добра. Имајќи ги во предвид сите овие елементи и факти неопходно е во

Општината да се превземат мерки и активности за формирање и оспособување на силите за заштита и спасување.

## V.МЕРКИ И АКТИВНОСТИ ЗА ФОРМИРАЊЕ И ОСПОСОБУВАЊЕ НА СИЛИТЕ ЗА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ

- Формирање сили за заштита и спасување во Општината согласно Законот за заштита и спасување;
- пополнување и опремување на општинските сили за заштита и спасување според Одлуката на Владата на РМ;
- интензивно обучување и оспособување на припадниците на општинските сили за заштита и спасување;
- формирање и оспособување на силите за заштита и спасување во трговските друштва, јавните и други претпријатија, установи и служби на кои заштитата и спасувњаето им е законска обврска;
- паралелно со реализирањето на горе наведените активности, да се пристапи кон изготвување на План за заштита и спасување по мерките за заштита и спасување на Општината.

По реализацијата на утврдените мерки и активности за формирање и оспособување на силите за заштита и спасување, Процената ќе биде ажурирана и изработена според утврдената методологија.

**Број 07 - 481/6**
**Од 26.02.2009 година**
**С к о п ј е**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**ПРЕТСЕДАВАЧ,**
**Харалампије Анѓелковски с.р.**

## С О Д Р Ж И Н А

**I.ВОВЕД**

**II.ОПШТИ КАРАКТЕРИСТИКИ НА ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**

1. **Географска положба и големина на територијата на Општина Ѓорче Петров**
2. **Рељефот и пошуменоста на Општина Ѓорче Петров**
3. **Климатски услови**
4. **Хидрографија**
5. **Население и населени места**

**III.ПРОЦЕНА НА ЗАГРОЗЕНОСТА НА ТЕРИТОРИЈАТА НА ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ ОД ПРИРОДНИ НЕПОГОДИ И ДРУГИ НЕСРЕЌИ**

1. **Загрозеност од земјотреси**
2. **Загрозеност од рударски несреќи**
3. **Загрозеност од поплави и уривање на високи брани**
4. **Загрозеност од снежни врнежи, наноси, лавини и олуји**
5. **Загрозеност од пожари и експлозии**
6. **Загрозеност од не експлодирани убојни средства**
7. **Загрозеност од свлечилишта и лизгање на земјиштето**
8. **Загрозеност од епидемии на заразни заболувања**
9. **Загрозеност на растенијата, животните и продуктите од растително и животинско потекло**
10. **Загрозеност од радиолошка, хемиска и биолошка контаминација и несреќи од опасни материи**
11. **Загрозеност од воени дејствија и други вонредни состојби**
12. **Загрозеност од техничко-технолошки несреќи и заштита на животната средина**
13. **Загрозеност од поголеми сообраќајни несреќи**
14. **Проценка за бројот на настрадани лица**

**IV.МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ**

1. **Обезбедување на јавен ред и мир во загрозено подрачје**
2. **Евакуација**
3. **Засолнување**
4. **Згрижување на настраданото и загрозено население**
5. **Спасување од урнатини**
6. **Заштита и спасување од поплави и уривање на брани**
7. **Радиолошка, хемиска и биолошка заштита**
8. **Заштита и спасување од пожари**
9. **Прва медицинска помош**
10. **Заштита од не експлодирани убојни средства**
11. **Асанација на теренот**
12. **Заштита и спасување на растенија и животни и продукти од растително и животинско потекло**
13. **Заштита на животната средина**

**V.МЕРКИ И АКТИВНОСТИ ЗА ФОРМИРАЊЕ И ОСПОСОБУВАЊЕ НА СИЛИТЕ ЗА ЗАшТИТА И СПАСУВАЊЕ**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5 /02 ) и член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.5/2006), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**За објавување на Одлука за одржување на јавната чистота на подрачјето на Општина Ѓорче Петров**

Се објавува Одлуката за одржување на јавната чистота на подрачјето на Општина Ѓорче Петров, што Советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Деведесет и четвртата Седница на Советот, одржана на ден 26.02.2009 година.

**Број 08-618/5**
**од 02.03.2009 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Сокол Митровски с.р.**

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 10 од Законот за јавна чистота („Службен весник на РМ„ бр. 111/08), Советот на Општина Ѓорче Петров на 94-тата седница, одржана на 26.02.2009 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за одржување на јавната чистота на**
**подрачјето на Општина Ѓорче Петров**

## *I. ОПШТИ ОДРЕДБИ*

**Член 1**

Со оваа Одлука се регулира одржувањето на јавната чистота на јавните површини, начинот на користење на јавните површини и собирањето на сметот, чистењето на снег и мраз, отстранувњето на предмети кои ја загрозуваат јавната чистота, како и мерките за спроведување на одлуката.

## *II. ОДРЖУВАЊЕ НА ЈАВНАТА ЧИСТОТА НА ЈАВНИТЕ ПОВРШИНИ*

**Член 2**

Одржувањето на јавната чистота на подрачјето на Општина Ѓорче Петров подразбира чистење, метење и миење на јавните површини и сервисните и станбени улици ( отстранување на кал и прав, собирање и отстранување на отпадоци, миење на клупи, празнење и чистење на садовите за отпадоци поставени на јавните површини ), како и чистење на снегот.

**Член 3**

Одржувањето на јавната чистота се врши врз основа на годишна програма, која за јавните површини и магистралните и собирни улици за урбаниот дел на Општината ја донесува Градот Скопје, а за сервисните и станбените улици ја донесува Советот на Општината.

**Член 4**

Со Програмите од членот 3 на оваа одлука се уредуваат:

- видот и обемот на работите што треба да се извршат,
- временските рокови за извршување на работите, и
- динамиката и начинот на вршење на работите.

Во содржината на програмите се предвидува и обезбедување на јавни санитарни јазли и поствување на соодветни садови за фрлање на отпадоци на јавните површини и на отворените простори пред јавните површини.

Начинот и местата на поставување на соодветните садови за фрлање на отпадоци за јавните површини во урбаниот дел на Општината кои се под ингеренции на Општината и за руралниот дел на Општината, ги утврдува Секторот за урбанизам, комунални дејности и заштита на животната средина, со Програмите за поставување урбана опрема.

**Член 5**

Сите физички и правни лица на подрачјето на Општината Ѓорче Петров се должни да се грижат за одржување на јавната чистота.

Заради одржување на јавната чистота на јавните површини е забранeто:

- фрлање и оставање на отпадоци од градежен материјал ( градежен шут);
- фрлање и оставање на хартија, опушоци, мастики, амбалажа, земја, отпадоци од растенија, песок и други отпадоци, освен на местата определени за таа намена;
- ставање на стари предмети од домаќинствата, смет од вршење на дејности покрај садовите за собирање на смет, освен на места определени од Општината;
- палење, закопување и уништување на смет;
- оставање на фекални остатоци од домашни миленици и мртви животни, живина и птици во садови за отпад;
- колење на кокошки и друга живина;
- испуштање на отпадни води и други течности од дворните места и објекти;
- истурање или испуштање на течности во садови за отпад на улици, во канали и реки;
- миење на возила и камп приколки и разни предмети од домаќинства и од вршење на дејности;
- сечење, складирање, цепење на дрва, јаглен и слично;
- паркирање на возила на растојание до десет метри од контејнер и други садови за собирање на смет, сметано во насока на движење и оставање на товарни возила, освен на места определени за таа намена;
- оставање на запрежни коли, трактори, земјоделски машини и алатки;
- чување и напасување на крупен добиток и живина;
- продажба и излагање на земјоделски и индустриски производи;
- превоз на песок, земја, цемент, глина, земјоделско ѓубре, сено, отпад или слични материјали без претходна подготовка и поклопување на материјалите со поклопец;
- поправање, сервисирање на возила и вршење на разни занаетчиски работи;
- оставање на нерегистрирани, хаварисани возила, приколки и камп приколки;
- мешање на бетон, малтер, освен на места што ќе ги определи Општината;
- растурање на сметот од вреќи, контејнери и други видови садови за собирање смет;
- фрлање, односно оставање на смет до контејнер и други видови на садови за собирање на смет;
- фрлање смет од кој било кат од станбена зграда или куќа во двор;
- поставување на контејнери и други видови садови за собирање смет надвор од определени места за нивно поставување, согласно со нивната намена;
- палење и уништување на садовите за собирање смет;
- уништување на урбаната и друга опрема ( клупи, фонтани, билборди, опрема на детски игралишта);
- плукање и секнење нос на јавни површини;
- лепење на плаката на кое било јавно место;
- вршење на физиолошки потреби, и
- паркирње на возила освен на места определени за таа намена.

**Член 6**

На објектите е забранeто испишување графити, цртање и лепење на плакати, освен наместа опредлени за таа намена, или со посебно одобрение на Општината, односно во согласност на сопственикот на објектот.

**Член 7**

Правните и физичките лица, сопственици на објекти, односно сопственици и корисници на отворените простори на јавните објекти што се за редовна употреба на

овие објекти се должни тие простори редовно да ги одржуваат на тој начин што нема да создаваат смет и други отпадоци, како и да го одржуваат зеленилото на тие простори.

**Член 8**

На отворените простори на јавните објекти, освен на местата определени за фрлање и оставање на смет, се забранува:
- фрлање и оставање на предмети од домаќинства, лисја, гранки и корења од растенија, песок, отпадоци од градежен материјал, разни видови на амбалажа и други отпадоци, освен на местата определени за таа намена;
- оставање на смет од вршење на дејности на правни и физички лица покрај садовите за собирање на смет;
- палење, закопување и уништување на смет;
- оставање мртви животни, живина и птици освен на места определени за таа намена согласно со Закон;
- испуштање на отпадни води и други течности од дворните места и објекти;
- миење на возила и камп приколки, предмети од домаќинства и предмети од правни лица;
- сечење , складирање на дрва, јаглен и слично;
- производство, печење на вар и дрвен јаглен, како и складирање и чување на градежен материјал без издадена дозвола од надлежен орган;
- паркирње на возила;
- поправање, сервисирње на возила и вршење на разни занаетчиски работи;
- оставање на нерегистрирани , хаварисани возила, приколки и камп приколки, и
- оставање измет од домашни животни и миленичиња.

**Член 9**

Организаторите на јавни манифестации ( културни, спортски и други ) на митинзи, прослави и други собири се должни да обезбедат благовремено одобрение од надлежната служба на Општината.

При посета на излетнички места посетителите се должни при заминувањето од излетничкото место да го соберат сметот и да го остават на определено место предвидено за таа намена.

**Член 10**

За одржување на јавната чистота се плаќа надоместок.
Висината на надоместокот со посебна одлука ја утврдува Советот на Општина во зависност од изграденоста, уреденоста на јавните површини и потребите – обемот на одржувањето на јавните површини.

## *III. НАЧИН НА КОРИСТЕЊЕ НА ЈАВНИТЕ ПОВРШИНИ*

**Член 11**

Под јавни површини и отворени објекти се подразбираат:
- улици, тротоари, велосипедски патеки, плоштади, кејови, подвозници, надвозници, мостови, паркиралишта, скалила кои ги поврзуваат површините на јавен сообраќај;
- паркови, парк-шуми, улични тревници;
- видиковци, железнички, автобуски, бензиски и такси станици и други објекти од комуналната инфраструктура;

- јавни телефонски говорници, гробишта, пазари, магацини и складишта, спортско-рекреативни објекти ( стадиони, стрелишта ), јавни капалишта и отворени простори околу други јавни објекти.

**Член 12**

Јавните површини од член 11 на оваа одлука ќе се користат за намената за која се изградени и уредени ( движење, рекреација и др.)

По исклучок јавните површини и отворените простори на јавните објекти може да се користат и за други намени само со дозвола издадена од надлежен орган на Општината согласно закон ( за вршење на деловна дејност пред деловни објекти, за истакнување на реклами, поставување на комунална инсталација, сообраќајни знаци, градежен материјал и др.).

При користење на јавните површини за намените од став 1 на овој член се забранува истите да се оштетуваат или уништуваат.

При користење на јавните површини и отворените простори на јавните објекти за намените од став 2 на овој член корисникот е должен јавната површина да ја доведе во првобитната состојба.

**Член 13**

При градење на објекти изведувачот на градежни работи е должен да обезбеди градежните материјали да не се оставаат на јавна површина повеќе од три дена.

Во случај на привремено користење на јавните површини за потребите на градилиштето подолго од времето од став 1 на овој член, изведувачот е должен да прибави соодветен акт од Секторот за урбанизам, комунални дејности и заштита на животната средина.

По завршувањето на временото користење, изведувачот е должен јавната површина да ја доведе во првобитна состојба.

## *IV. СОБИРАЊЕ НА СМЕТ, ЧИСТЕЊЕ НА СНЕГ И МРАЗ*

**Член 14**

Сметот од урбаниот дел на Општината ќе го собира Јавното комунално претпријатие на Град Скопје, а од руралниот дел правно лице на кое ќе му биде доделена концесија за собирање и транспортирање на комунален отпад.

Садовите за собирање на смет од домаќинствата се поставуваат внатре во дворните места на индивидуалниот објект за домување и истите не смеат да се изнесуваат надвор од дворната површина.

Сопствениците на индивидуалните објекти за домување се должни на субјектите кои го собираат сметот да им овозможат непречен пристап до садовите на изнесување на сметот.

Субјектите кои го изнесуваат сметот при изнесувањето на сметот од домаќинствата се должни садовите за смет да ги вратат на истото место од каде што се подигнати.

Садовите за собирање на смет се поставуваат исклучиво на улица, водејќи сметка истите да не ја загрозуваат безбедноста на одвивање на сообраќајот, односно на други места ( определени од надлежниот орган на Градот – Општината ) доколку на улицата нема услови за поставување на садовите.

**Член 15**

Снегот и мразот од јавните површини ќе го чистат Јавното комунално претпријатие на Град Скопје во рамките на можностите и со средствата со кои располагаат како и други фирми на кои Општината ќе им додели договор за вршење на услуга, по спроведена постапка за јавна набавка.

Снегот треба да се исчисти во рок од 6 часа од почетокот на снежните врнежи.

Отстранериот снег ќе се собира на места каде нема да ја загрозува проодноста на јавната површина.

Од јавните површини пред станбени и деловните објекти снегот се должни да го чистат сопствениците на објектите.

## *V. ОТСТРАНУВАЊЕ НА ПРЕДМЕТИ КОИ ЈА ЗАГРОЗУВААТ ЈАВНАТА ЧИСТОТА*

**Член 16**

Под отстранување на предмети кои ја загрозуваат јавната чистота се подразбира отстранување на предметите за кои е утврдена забрана со Законот за јавна чистота, за оставање на јавна површина ( грдежен шут, земја, песок, отпадоци од растенија, стари предмети од домаќинствата и смет од вршење на дејности, картонска и друга амбалажа).

Предметите од претходниот став на овој член сопствениците, односно корисниците се должни да ги однесат во градската депонија во Градот, односно во определените депониии во населените места на Општината.

Ако предметите од претходниот член сопствениците односно корисниците не ги отстрант во определениот рок, истите ќе ги отстрани субјектот надлежен за отстранување на отпад на трошок на сопствениците, односно корисниците.

**Член 17**

На јавните површини и на отворените простори и објекти, како и на дворните површини на колективните и индивидуални објекти за домување може да се остават, сечат и цепат дрва и јаглен најмногу до 3 (три ) дена од денот на донесување ( истовар на огревното дрво и јаглен ).

По завршувањето на работите од став 1 на овој член јавната површина да се исчисти и доведе во првобитна состојба.

## *VI. МЕРКИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА*

**Член 18**

Под мерка за спроведување на одлуката се подразбира обезбедување на средства за финансирање и одржување на јавната чистота, обезбедување на опрема за одржување и садови за фрлање на отпадоци, надзор над примената и инспекциски надзор над спроведување на оваа одлука.

Средствата за финансирање и одржување на јавната чистота на јавните површини ќе се обезбедат од Буџетот на Општината и надоместокот за одржување на јавната чистота.

**Член 19**

Контролата на одржувањето на јавната чистота согласно оваа Одлука ја вршат комуналните редари, во согласност со одредбите од Законот за јавна чистота.

Инспекциски надзор за спроведување на оваа одлука вршат комуналните инспектори на Општина Ѓорче Петров.

При вршење на надзорот комуналните инспектори и комуналните редари спроведуваат постапка за превземање санкции против прекршителите согласно одредбите од Законот за јавната чистота.

## *VII. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ*

**Член 20**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Ѓорче Петров“.

**Број 07-481/7**
**Од 26.02.2009 година**
**С к о п ј е**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**ПРЕТСЕДАВАЧ,**
**Харалампије Анѓелковски** **с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5 /02 ) и член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.5/2006), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**За објавување на Одлука за започнување на постапка за доделување на Концесија**

Се објавува Одлуката за започнување на постапка за доделување на Концесија, што Советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Деведесет и четвртата Седница на Советот, одржана на ден 26.02.2009 година.

**Број 08-618/6**
**од 02.03.2009 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Сокол Митровски** с.р.

Врз основа на член 22 став 1 точка 4 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002), член 15, став 1, точка 4 алинеа 3 од Законот за Градот Скопје ("Службен весник на РМ" бр.55/2004), член 26 став 3 и член 29 од Законот за концесии и други видови на јавно-приватно партнерство ("Сл. Весник на РМ" бр. 7/2008) , и член 16 став 1 точка 37 од Статутот на Општината Ѓорче Петров ("Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров" бр.5/06), Советот на Општина Ѓорче Петров на 94-тата седница, одржана на ден 26.02.2009 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за отпочнување на постапка за доделување на концесија**

**Ч л е н 1**

Општина Ѓорче Петров, отпочнува постапка за доделување на концесија за вршење на јавна услуга собирање, транспортирање и депонирање на комунален отпад од руралниот дел на Општина Ѓорче Петров, односно на територијата на населените места Ново Село, Волково, Волково - Пржина, Кисела Јабука, Орман, Никиштане, Кучково и Грачани.

**Ч л е н 2**

Цели кои треба да се остварат со доделување на концесијата се:
- овозможување на добивање на квалитетни услуги за граѓаните од руралниот дел на Општина Ѓорче Петров, при собирањето транспортирањето и депонирањето на комуналниот отпад;
- подобрување на заштитата на животната средина.

**Ч л е н 3**

Неопходноста за доделување на концесијата произлегува од фактот што Јавното претпријатие за комунална хигиена од градот Скопје, со своите услуги не го опфаќа руралниот дел на Општина Ѓорче Петров, а Општината сама не е во можност да го реализира овој проект, заради недостаток на финансиски средства.

**Ч л е н 4**

Предмет на концесијата е вршење на јавни услуги за собирање, транспортирање и депонирање на комунален отпад во руралниот дел на Општина Ѓорче Петров, односно на територијата на населените места Ново Село, Волково, Волково - Пржина, Кисела јабука, Орман, Никиштене, Кучково и Грачани.

Основен услов за доделување на концесијата е 15 (петнаесет) години времетраење на концесискиот период.

**Ч л е н 5**

Проценетата вредност на концесијата изнесува 321.326,00 ЕУР.

**Ч л е н 6**

Концесијата се доделува преку јавен повик кој ќе се организира и спроведе како постапка за доделување на концесија со Отворен повик, спроведен согласно Законот за концесии и други видови на јавно - приватно партнерство.

**Ч л е н 7**

За доделената концесија концесионерот ќе му плаќа на концедентот квартален надоместок, во износ кој ќе биде утврден согласно најповолната понуда избрана по спроведениот Отворен повик за доделување на концесија.

**Ч л е н 8**

Ѓраѓаните на Општина Ѓорче Петрров - корисници на услугите, за извршените услуги ќе му плаќаат на концесионерот месечен надомест за извршена услуга во износ кој ќе биде утврден согласно најповолната понуда избрана по спроведениот отворен повик за доделување на концесија, но не повисок од утврдената највисока цена утврдена во тендерската документација од страна на Комисијата за спроведување на постапката за доделување на концесија.

**Ч л е н 9**

Се усвојува студијата за оправданост за доделување на Концесија за јавна услуга собирање, транспотрирање и депонирање на комунален отпад од руралниот дел на Општина Ѓорче Петров.

**Ч л е н 10**

Советот на Општина Ѓорче Петров го овластува Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров да го застапува Советот во постапката за доделување на концесијата од член 1 на оваа Одлука, во склучувањето и во извршувањето на договорот за концесија.

**Ч л е н 11**

Постапката за доделување на концесија ќе ја спроведе Комисија за спроведување на постапка за доделување на концесија формирана од страна на Градоначалникот на Општината, на начин и во рокови пропишани со Законот за концесии и други видови на јавно - приватно партнерство.

Тројца од членовите во Комисијата за спроведување на постапката за доделување на концесија да бидат од редот на членовите на Советот на Општина Ѓорче Петров. Советот на Општината дополнително ќе ги назначи членовите на Совет кои ќе бидат членови на именуваната Комисија.

Се задолжува Комисијата за спроведување на постапката за доделување на концесија, во рок од 30 дена од нејзиното формирање да изготви тендерска документација, а во рок од 15 дена од одобрувањето на тендерската документација од страна на Градоначалникот, да го објави Огласот за Отворен повик.

**Ч л е н 12**

Висината на надоместокот за издавање на тендерската документација ќе изнесува 2.000 (две илјади) евра во денарска противвредност по средниот курс на Народна банка на Република Македонија, на денот на уплатата.

**Ч л е н 13**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во *Службен гласник на Општина Ѓорче Петров*.

**Број 07- 481/8**
**26.02.2009 година**
**С к о п ј е**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**ПРЕТСЕДАВАЧ,**
**Харалампие Анѓелковски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5 /02 ) и член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.5/2006), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**За објавување на Одлука за отуѓување на службени возила, сопственост на Општина Ѓорче Петров**

Се објавува Одлуката за отуѓување на службени возила сопственост на Општина Ѓорче Петров, што Советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Деведесет и четвртата Седница на Советот, одржана на ден 26.02.2009 година.

**Број 08-618/7**
**од 02.03.2009 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Сокол Митровски** **с.р.**

Врз основа на член 36 точка 10 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на Р.М. бр.5/02), согласно член 16 став 1 точка 10 ( Службен гласник на општина Ѓорче Петров бр.5/06), Советот на општина Ѓорче Петров на Деведесетичетвртата седница одржана на 26.02.2009 година, донесе:

**О Д Л У К А**
**за расходување и отуѓување на четири патнички моторни возила сопственост на општина Ѓорче Петров**

**член 1**

Општина Ѓорче Петров ги расходува и отуѓува следните патничките моторни возила, сопственост на општина Ѓорче Петров:

1. **ЛАДА САМАРА** со број на шасија XTA210900L0664359 , број на мотор 0694178, година на производство 1990, со регистарски број SK-648-PF , боја бела 01;
2. **ЗАСТАВА ЈУГО 55 С** со број на шасија VX1128A0001084216 и мотор бр. 1534764, година на производство 1997, со регистарски број 851-IF , боја црвена 74;
3. **ФОРД ОРИОН** со број на шасија WFOFXXGCAFGP20318, број на мотор GP 20318 , година на производство 1986, со регистарски број SK-950-PT, боја метал сива 14 и
4. **АУДИ А 4 1,8 TQ** број на шасија WAUZZZ8E86A059153, број на мотор BFB106536, година на производство 2005. со регистарски број SK-001-PJ, боја црна 20.

Расходувањето на првите три возила да се изврши по пат на отуѓување со јавна лицитација.

Расходувањето и отуѓувањето на четвртото возило да се изврши со замена старо за ново.

**член 2**

Се задолжува Градоначалникот на општината да формира Комисија која ќе ја спроведе лицитацијата.

**член 3**

Почетна вредност при лицитирањето на возилата да изнесува :

- за возило под реден број 1. ЛАДА САМАРА 100 Евра
- за возило под реден број 2. ЗАСТАВА ЈУГО 55 С 200 Евра
- за возило под реден број 3. ФОРД ОРИОН 200 Евра

**член 4**

Одлуката стапува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на општина Ѓорче Петров.

**Број 07- 481/9**
**од 26.02.2009 година**
**Скопје**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**П р е т с е д а в а ч,**
**Харалампие Анѓелковски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5 /02 ) и член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.5/2006), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**За објавување на Одлука за набавка на нови службени возила**

Се објавува Одлуката за набавка на нови службени возила, што Советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Деведесет и четвртата Седница на Советот, одржана на ден 26.02.2009 година.

**Број 08-618/8**
**од 02.03.2009 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Сокол Митровски с.р.**

Врз основа на член 36 точка 10 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на Р.М. бр.5/02), согласно член 16 став 1 точка 10 ( Службен гласник на општина Ѓорче Петров бр.5/06), Советот на општина Ѓорче Петров на Деведесетичетвртата седница одржана на 26.02.2009 година, донесе:

## О Д Л У К А
## за набавка на нови патнички моторни возила

**член 1**

За потребите на општина Ѓорче Петров се одобрува набавка на четири патнички моторни возила.

Средствата потребни за оваа набавка се планирани во Буџетот на општина Ѓорче Петров за 2009 година.

**член 2**

Се задолжува Градоначалникот на општината да формира Комисија за спроведување на постапката за јавна набавка на возилата.

**член 3**

Одлуката стапува во сила наредниот ден од денот на објавување во Службен гласник на општина Ѓорче Петров.

**Број 07- 481/10**
**од 26.02.2009 година**
**Скопје**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**ПРЕТСЕДАВАЧ,**
**Харалампие Анѓелковски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5 /02 ) и член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.5/2006), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**За објавување на Одлука за ставање вон сила на Одлуката за определување на надоместок за присуство на седници и надоместок за патни и дневни трошоци на членовите на Советот на Општина Ѓорче Петров**

Се објавува Одлуката за ставање вон сила на Одлуката за определување на надоместок за присуство на седници и надоместок за патни и дневни трошоци на членовите на Советот на Општина Ѓорче Петров, што Советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Деведесет и четвртата Седница на Советот, одржана на ден 26.02.2009 година.

**Број 08-618/9**
**од 02.03.2009 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Сокол Митровски с.р.**

Врз основа на член член 29-а; 29-б; 29-в; 29-г И 29-д од Законот за плати и други надоместоци на пратениците во Собранието и други избрани и именувани лица во Републиката ("Службен весник на СРМ" бр.36/90 и "Службен весник на РМ" бр. 23/07;38/01; 37/05; 84/05; 121/07 и 161/08) и член 16 точка 2 и 37 од Статутот на Општина Ѓорче Петров ( "Службен гласник на Општина Ѓорче Петров" бр.5/06), Советот на Општина Ѓорче Петров, на 94-тата седница одржана на ден 26.02.2009 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за ставање вон сила на Одлуката за определување на надоместок за присуство на седници и надоместок за патни и дневни трошоци на членовите на Советот на Општина Ѓорче Петров**

**Член 1**

Со оваа Одлука се става вон сила Одлуката за определување на надоместок за присуство на седници и надоместок за патни и дневни трошоци на членовите на Советот на Општина Ѓорче Петров бр. 07-2573/4 донесена од Советот на Општина Ѓорче Петров на ден 12.11.2007 година.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во *Службен гласник на Општина Ѓорче Петров*.

**Број 07-481/11**
**Од 26.02.2009 година**
**С к о п ј е**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**ПРЕТСЕДАВАЧ,**
**Харалампије Анѓелковски** с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5 /02 ) и член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.5/2006), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**За објавување на Одлука за определување на надоместок за присуство на седници и надоместок за патни и дневни трошоци на членовите на Советот на Општина Ѓорче Петров**

Се објавува Одлуката за определување на надоместок за присуство на седници и надоместок за патни и дневни трошоци на членовите на Советот на Општина Ѓорче Петров, што Советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Деведесет и четвртата Седница на Советот, одржана на ден 26.02.2009 година.

**Број 08-618/10**
**од 02.03.2009 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Сокол Митровски с.р.**

Врз основа на член 36, став 1 точка 2 и 15 и член 45 од Законот за локална самоуправа (“Службен весник на Р.М.” бр. 5/2002), член 29-а; 29-б; 29-в; 29-г И 29-д од Законот за плати и други надоместоци на пратениците во Собранието и други избрани и именувани лица во Републиката (“Службен весник на СРМ” бр.36/90 и “Службен весник на РМ” бр. 23/07;38/01; 37/05; 84/05; 121/07 И 161/08) и член 16 точка 2 и 37 од Статутот на Општина Ѓорче Петров ( “Службен гласник на Општина Ѓорче Петров” бр.5/06), Советот на Општина Ѓорче Петров, на 94-тата седница одржана на ден 26.02.2009 година, донесе

## О Д Л У К А
## За определување на надоместок за присуство на седници и надоместок за патни и дневни трошоци на членовите на Советот на Општина Ѓорче Петров

### Член 1

Со оваа Одлука се определува надоместок за присуство на седници на Советот и надоместок за патни и дневни трошоци на членовите на Советот во рамките утврдени со Закон.

### Член 2

На членовите на Советот на Општината им припаѓа месечен надоместок за присуство на седници на Советот и надоместок за патните и дневните трошоци.

Средствата за исплата на надоместоците од став 1 на овој член се обезбедуваат во Буџетот на Општина Ѓорче Петров.

### Член 3

Месечниот надоместок на членовите на Советот на Општината за присуство на седници на Советот се утврдува во процентуален износ од 84% од просечната месечна нето плата во Република Македонија, исплатена за претходната година.

### Член 4

На претседателот на Советот на Општината, за раководењето и организирањето на работата на Советот, надоместокот од член 3 се зголемува за 30%.

### Член 5

Месечниот надоместок за присуство на седниците на Советот се исплатува на членовите на Советопт за нивно присуство на сите седници на Советот што ќе се одржатѕ во тековниот месец.

Месечниот надоместок за присуство на седниците на Советот се намалува за 30% за секое отсуство на членовите на Совеот од седниците на Советот што се одржуваат во тековниот месец.

Месечниот надоместок за присуство на седниците на Советот не му се исплатува на членот на Советот, доколку членот на Советот не присуствувал на ниту една седница на Советот во тековниот месец.

Месечниот надоместок за присуство на седниците не се исплатува доколку Советот во тековниот месец не одржал седница.

**Член 6**

На членовите на Советот им се исплатуваат надоместоци за патни и дневни трошоци за службени патувања во земјата и странство, според прописите кои се однесуваат на државните службеници вработени во општинската администрација на Општина Ѓорче Петров.

**Член 7**

Надоместокот за присуство на седници и надоместокот за патни и дневни трошоци на членовите на Советот ќе се пресметува и исплатува согласно оваа Одлука преку Секторот за финансирање и буџет и јавни набавки.

**Член 8**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Ѓорче Петров.

**Број 07-481/12**
**Од 26.02.2009 година**
**С к о п ј е**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**ПРЕТСЕДАВАЧ,**
**Харалампије Анѓелковски** с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5 /02 ) и член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.5/2006), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**За објавување на Одлука за определување на надоместок на членовите на Советот на Општина Ѓорче Петров за учество при склучување на бракови**

Се објавува Одлуката за определување на надоместок на членовите на Советот на Општина Ѓорче Петров за учество при склучување на бракови, што Советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Деведесет и четвртата Седница на Советот, одржана на ден 26.02.2009 година.

**Број 08-618/11**
**од 02.03.2009 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Сокол Митровски с.р.**

Врз основа на член член 27 од Законот за семејство (вСлужбен весник на РМ бр. 80/92; 9/96; 38/04; 33/06;84/08) и член 16 точка 37 од Статутот на Општина Ѓорче Петров ( “Службен гласник на Општина Ѓорче Петров” бр.5/06), Советот на Општина Ѓорче Петров, на 94-тата седница одржана на ден 26.02.2009 година, донесе

**О Д Л У К А**
**За определување на надоместок за учество**
**при склучување на бракови**

**Член 1**

Со оваа Одлука се определува надоместок за за членовите на Совет за учество при склучување на бракови.

**Член 2**

На членовите на Советот на Општината кои се оределени да учествуваат при склучување на бракови, им се определува надомест во износ од 1.000,00 денари за секој ден на присуство при склучување на бракови, без оглад на тоа колку бракови се склучени во тој ден.

Средствата за исплата на надоместоците од став 1 на овој член се обезбедуваат во Буџетот на Општина Ѓорче Петров.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Ѓорче Петров.

**Број 07 - 481/13**
**Од 26.02.2009 година**
**С к о п ј е**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**ПРЕТСЕДАВАЧ,**
**Харалампије Анѓелковски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5 /02 ) и член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.5/2006), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**За објавување на Одлука за наменско користење на средства распределени за реализација на Проектот *Изградба на канализациона мрежа во Општина Ѓорче Петров***

Се објавува Одлуката за наменско користење на средства распределени за реализација на Проектот *Изградба на канализациона мрежа во Општина Ѓорче Петров*, што Советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Деведесет и четвртата Седница на Советот, одржана на ден 26.02.2009 година.

**Број 08-618/12**
**од 02.03.2009 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Сокол Митровски с.р.**

Врз основа на член 15 став 1 точка 4 алинеја 1 од Законот за Градот Скопје ("Службен весник на РМ" бр.55/04) и член 16 став 1 точка 37 од Статутот на Општината "Ѓорче Петров " (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.5/06), Советот на Општина Ѓорче Петров на 94-тата седница, одржана на ден 26.02.2009 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за наменско користење на средствата распределени за реализација на Проектот *Изградба на канализациона мрежа во Општина Ѓорче Петров***

**Ч л е н 1**

Средствата во висина од 66.000.000,00 денари , распределени согласно Одлуката број 19-6437/1-08 од 13.01.2009 година , донесена од Владата на Република Македонија (Службен Весник на Република Македонија број 11/2009) наменети за реализација на Проектот *Изградба на канализациона мрежа во Општина Ѓорче Петров*, да се користат исклучиво наменски за вИзградба на фекална канализациона мрежа во Волково,Кисела Јабука и Стопански двор во Општина Ѓорче Петровг.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето , а ќе се објави во вСлужбен Гласник на Општина Ѓорче Петров " .

**Број 07 -481/14**
**Од 26.02.2009 година**
**С к о п ј е**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**ПРЕТСЕДАВАЧ,**
**Харалампије Анѓелковски** с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5 /02 ) и член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.5/2006), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**За објавување на Одлука за одобрување на средства од Буџетот на Општина Ѓорче Петров за 2009 година**

Се објавува Одлуката за одобрување на средства од Буџетот на Општина Ѓорче Петров за 2009 година на Црква *Св.ап.Петар и Павле*-Ѓорче Петров, што Советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Деведесет и четвртата Седница на Советот, одржана на ден 26.02.2009 година.

**Број 08-618/13**
**од 02.03.2009 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Сокол Митровски с.р.**

Врз основа на член 16 став1 точка 37 од Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.5/2006), Одлуката за извршување на Буџетот на Општина на Ѓорче Петров за 2009 година (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.15/2008), Советот на Општина Ѓорче Петров на 94-тата Седница одржана на ден 26.02.2009 година, донесе:

**О Д Л У К А**
**за одобрување на средства од Буџетот на Општина Ѓорче Петров за 2009 година**

1. На Товар на средствата на Буџетот на Општина Ѓорче Петров за 2008 година - Програм ДО Градоначалник, позиција 413110 - тековна резерва, на Црквата *Св.Петар и Павле* во Ѓорче Петров, се одобрува износ од 200.000,00 денари, како донација за делумно покривање на трошоците направени во текот на реконструкцијата на камбанаријата.

2. Средствата да се уплатат на име МПЦ-Св.ап.Петар и Павле, на жиро сметка број 300000001341643, Комерцијална Банка а.д.-Скопје.

3. Ова Одлука стапува во сила со денот на донесувањето.

4. Се задолжува Одделението за финансирање и Буџет за извршување на Решението.

**Број 07-481/15**
**од 26.02.2009 година**
**С к о п је**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**ПРЕТСЕДАВАЧ,**
**Харалампије Ангелковски** с.р.

Врз основа на член 26, став (8), од Законот за Просторно и урбанистичко планирање ( " Сл. весник на РМ " бр.24/08),пречистен текст, член 24 став 1 точка 23 од Статутот на Општината "Ѓорче Петров " (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.5/06), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**О Д Л У К А**
**За организирање Јавна презентација и Јавна анкета**
**за Предлог на**
**Урбанистички план вон населено место, клучка Стопански двор**
**Општина Ѓорче Петров - Скопје**

**Ч л е н 1**

Со оваа Одлука се организира Јавна презентација и Јавна анкета за Предлог - Урбанистички план вон населено место, Клучка Стопански двор, според Програмата за приоритетна изработка на урбанистички планови за 2008 година (Службен весник на Република Македонија бр.21/08, 29/08, 39/08, 54/08, 76/08, 79/08, 116/08, 117/08)

**Ч л е н 2**

Соопштението за организирање на Јавна анкета ќе биде објавено во јавното гласило **„Дневник''** и веб сајтот на Општината **www.opstinagpetrov.gov.mk**

**Ч л е н 3**

Јавната анкета ќе трае **10 работни денови** од денот на објавувањето на Соопштението во јавното гласило од член 2 на оваа Одлука.

**Ч л е н 4**

Јавната презентација и Јавната анкета за **Урбанистички план вон населено место, Клучка Стопански двор,** Општина Ѓорче Петров, ќе се спроведе со излагање на Предлог - Планот во просториите на М.З." Ново Село" - Општина Ѓорче Петров .

**Ч л е н 5**

Заинтересираните граѓани и правни лица во предвидениот рок ќе можат да ги дадат своите забелешки, предлози и мислења на анкетни листови.

**Ч л е н 6**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето , а ќе се објави во " Службен гласник на Општина Ѓорче Петров " .

**Број 08 - 81/1**
**15.01.2009 година**
**С к о п ј е**

**Општина Ѓорче Петров**
**Г р а д о н а ч а л н и к,**
**Сокол Митровски с.р.**

Врз основа на член 24 и член 26, став (8), од Законот за Просторно и урбанистичко планирање ( " Сл. весник на РМ " бр. 24/08), пречистен текст, и член 24 став 1 точка 23 од Статутот на Општината "Ѓорче Петров " (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.5/06), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров го дава следното

## С О О П Ш Т Е Н И Е

Се известуваат граѓаните и правните лица од просторот опфатен со Планот дека Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе Одлука за организирање Јавна презентација и Јавна анкета

**По Предлог на Урбанистички план вон населено место, клучка Стопански двор, Општина Ѓорче Петров ,** со граници на планскиот опфат дефинирани во планот, според географски и геодетски критериуми:

Границата започнува од пресекот на оската на клучка Стопански двор со оската на крак од ул. Лука Ѓеров, оди кон исток по оската на крак од ул. Лука Ѓеров, врти кон југ по новопланирана ул.1, кон исток навлегува во КО Ново Село, продолжува по југозападна и југоисточна страна на КП 477, ја сече КП 475, продолжува по северната и источната страна на КП 474, ја сече КП 470,продолжува по западната страна на КП 471, повторно ја сече КП 470, продолжува по дел од северната страна на КП 469, оди на југ по источната страна на КП 469, КП 468, КП 467,КП 466, продолжува на исток по северозападната и североисточната страна на КП 544, продолжува по дел од источната страна на КП 470, ја сече КП 13432, продолжува на југ по источната страна на КП 1779, продолжува и ги сече КП494, КП 13472, оди кон југ, ја сече новопланирана улица 3, навлегува во КО Оризари и ја сече КП 1786, продолжува по осовина на новопланирана ул. 8, оди на југ по источната страна на КП 2176, КП 2178, КП 2165, КП 2164,КП 2163 и КП 2162, продолжува на запад по осовина на новопланирана ул.9, оди кон југ по источната страна на КП 2151, продолжува на југозапад по осовината на новопланирана улица 1 се до пресекот на автопатот М4-Е65, од тука свртува кон север и по оската на автопатот М4-Е65 се враќа до почетната точка на клучката.

**Големината на планскиот опфат изнесува 137 ха.**

Предлог планот ќе биде изложен во просториите на месната заедница Ново село , во период од **10 работни дена** од денот на објавувањето на ова Соопштение,во "Дневник", **секој работен ден од 10.00 - 18.00ч.**

**Јавната презентација** ќе се одржи на 22.01.2008 во 13.00 ч. во просториите на МЗ "Ново Село".

Анкетните листови за учество во јавната анкета ќе можат да се подигнат во МЗ "Ново Село".

Во определениот рок заинтересираните правни и физички лица од конкретното подрачје опфатено со Планот можат да достават писмени забелешки на анкетните листови.

**Број 08-81/2**
**од 15.01.2009 година**
**Скопје**

**Општина Ѓорче Петров**
**Градоначалник,**
**Сокол Митровски с.р.**